МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНО ПРАВО, ПРАВО НА ЕУ И ДИПЛОМАТИИ

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

„НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ, ЗНАЧЕЊЕТО НА РЕГИОНАЛНАТА ПОВРЗАНОСТ И СОРАБОТКА ЗА НИВНИТЕ ПОЗИЦИИ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА"

СТУДЕНТ: ВИДЕЛИНА КОЛОВСКА
БРОЈ НА ИНДЕКС: **M227006**
МЕНТОР: **ДОЦ. Д-Р ЕМИЛИЈА ИЦОСКА**

Свети Николе, 2024

АПСТРАКТ:

Поминале повеќе од сто години откако Литванија, Латвија и Естонија прогласија независност од Царска Русија, но надворешните предизвици на државите, како и нивните стратегии, до денес се горе-долу исти како оние во 1918 година. За малите држави опкружени со моќни соседи, неопходно е да развијат колку што е можно повеќе меѓународни сојузи, но и да одржуваат што поблиски односи во регионот. Токму затоа, во овој труд се истражува надворешната политика на балтичките земји која се карактеризира со фокусирање на регионалните врски и соработка, што го засилува нивното влијание, помага за справување со безбедносните грижи и го унапредува економскиот развој, а најважно тесната соработка игра значајна улога во зајакнувањето на нивните позиции во меѓународната заедница. Преку регионалната соработка, тие биле во можност да се справат со заедничките предизвици, да го засилат својот глас и да ја зајакнат својата преговарачка моќ. Со оглед на нивната географска близина и споделените историски искуства, овие нации ја разбираат важноста на соработката во промовирањето на стабилноста и одвраќањето на потенцијалните закани преку развивање на силни регионални безбедносни рамки и кооперативни одбранбени иницијативи, како што се Балтичката одбранбена соработка (BALTDEFCO) и заеднички воени вежби. Од осамостојувањето нивни заеднички надворешно-политички приоритет е влезот во Европската Унија и Нато.

Патот на балтичките држави до пристапување во ЕУ не бил лесен, но се смета за успешен и дополнително, претставува идеален пример за државите кои сè уште биле во транзициски процес. Од пристапувањето на балтичките држави во 2004 година, познато е дека Балтикот придонесува со бројни големи политички влијанија и врз развојот на самите држави, како и во обликувањето на надворешната политика на ЕУ, особено во однос на безбедноста и заедничката енергетска политика.

Клучни зборови:

Балтички земји

Регионална соработка

Меѓународна заедница

Европска Унија

ЗНБП на ЕУ

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ.....Error! Bookmark not defined.

Клучни зборови:..... 3

ВОВЕД 7

ГЛАВА ПРВА: ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ.....11

1.1 Проблем на истражување.....11

1.2 Предмет на истражување.....14

1.3 Цел на истражување.....14

1.4 Оправданост на истражувањето (општествена и научна).....15

1.5 Хипотетска рамка.....15

1.6 Методолошки постапки.....16

ГЛАВА ВТОРА: ИСТОРИСКИ ОСВРТ ЗА БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ.....18

2.1. Балтичките држави пред присоединувањето кон Руската Империја.....18

2.2. Стекната и изгубена независност на Балтикот.....20

2.3. Враќање на независноста- добивање на конечна независност.....22

ГЛАВА ТРЕТА: НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ПОСТСОВЕТСКИОТ ПЕРИОД (ПРЕД ВЛЕЗОТ ВО ЕУ).....24

3.1. Руското влијание и зависност на Балтичкиот регион во обидите за водење независна надворешна политика.....25

3.1.1 Тешка и мека моќ за руско влијание врз Балтикот (hard and soft power).....26

3.2. Како Балтикот се спротивставил на руското влијание- надворешна политика и безбедносни стратегии.....32

3.2.1. Руски цели на Балтикот.....32

3.2.2. Надворешна политика и безбедносни стратегии за справување со руското влијание.....33

ГЛАВА ЧЕТВРТА: РЕГИОНАЛНА „БАЛТИЧКА СОРАБОТКА – БАЛТИЧКИ СОВЕТ.....38

4.1.Формирање и институции на „Балтичката соработка“.....38

4.2. Најзначајни цели и агенда на Балтичката соработка насочени кон добивање независност од СССР.....40

4.3. Меѓународно вклучување. Заеднички надворешно-политички цели.....43

4.3.1. Интеграција во меѓународната заедница, 1992 - 1995 година. Зајакнување на независноста и залагање за вклучување на Балтикот на меѓународната сцена.....43

4.4. Улогата на Балтичкото собрание, како меѓународна организација, во интеграцијата на балтичките држави во меѓународната арена, 1995 - 2004 година...47

4.4.1. Интегративни процеси на Балтичките земји и нивното влијание врз Балтичката соработка.....48

4.5. Реформирање на регионалната соработка (по влезот во ЕУ и НАТО).....52

ГЛАВА ПЕТТА: НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА НА БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ КАКО ПОЛНОПРАВНИ ЧЛЕНКИ НА ЕУ.....58

5.1. Краток осврт на патот на Балтичките земји кон целосно интегрирање во ЕУ..58

5.2. Балтичките земји како полноправни членки на ЕУ и натамошната балтичка соработка.....61

5.2.1. Институционални реформи на регионалните организации.....63

5.3. Анализа на претседателствувањето на Балтичките земји со Советот на ЕУ.....66

5.3.1 Претседавање на Република Литванија со Совет на ЕУ.....66
5.3.2. Претседавање на Република Латвија со Совет на ЕУ.....70
5.3.3. Претседавање на Република Естонија со Совет на ЕУ.....73

5.4. Политичкиот импакт од членството на Балтичките земји во ЕУ. Улогата на Балтикот во обликувањето на процесот на креирање на надворешната политика на ЕУ.....76

5.5. Балтичките земји во политиката на ЕУ за „Европска соседска политика“ (European Neighborhood Policy) и „Источно Партнерство“ (EaP)……...85

ГЛАВА ШЕСТА: ПРОВЕРКА НА ХИПОТЕТСКАТА РАМКА……..90

ЗАКЛУЧОК……..95

ПРИЛОГ Интервју со Амбасадорот на Република Северна Македонија во Република Естонија, Н.Е. г-дин Драган Јордановски.....97

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ.....101

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....102

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: „The Baltic Way“, 23 Август 1989.....**Error! Bookmark not defined.**2

Слика 2: Процедура за донесување одлуки во Балтичко Собрание..... .....**Error! Bookmark not defined.**0

ВОВЕД

„Балтички држави“ познати и како Балтик, е геополитички термин кој се однесува на трите суверени држави Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, во североисточниот регион на Европа, на источниот брег на Балтичкото Море, јужно од Финскиот Залив, со комбинирана површина од 175.228 km², и вкупно околу 6 милиони жители (при што во Естонија и Латвија околу 25% од населението се етнички Руси). Овие три земји, кои се и границата на Европската унија со Русија, ја стекнале својата независност прво од Руската империја на крајот на Првата светска војна во 1918 година, а подоцна и од Советскиот Сојуз во раните 1990-ти. Балтичките земји се членки на ЕУ и НАТО од 2004[1].

Надворешната политика на балтичките земји е обликувана од нивните историски искуства, географска местоположба и аспирации за безбедност, стабилност и интеграција во меѓународната заедница. Сместени на источниот брег на Балтичкото Море, овие земји се соочуваат со значајни геополитички предизвици во текот на нивната историја, вклучително и периоди на странски окупации и долгогодишно советско владеење. Откако ја вратиле својата независност во раните 1990-ти, тие воделе активна надворешна политика насочена кон зајакнување на нивните позиции во меѓународната заедница и обезбедување на нивната безбедност. Меѓутоа и откако станале независни држави тие активно спроведуваат надворешна политика на стратегија која ги нагласува регионалните врски и соработка, што го зајакнува нивниот заеднички став на глобалната сцена.

[1] Естонија се приклучила на еврозоната во 2011 година, Латвија во 2014 г. и Литванија во 2015 г.

Затоа, еден од клучните аспекти на надворешната политика на балтичките земји е нивниот акцент на регионалните врски и соработка. Балтичките земји ја препознаваат важноста на регионалната соработка во справувањето со заедничките предизвици, промовирањето на економскиот развој и засилувањето на нивниот глас на меѓународната сцена. Тие активно бараат поблиски врски со нивните соседни земји, особено во самиот балтички регион. Организациите како што се Балтичкото собрание и Балтичкиот совет на министри биле клучни во поттикнувањето на соработката и координацијата меѓу балтичките земји во различни области, вклучувајќи ја безбедноста, економијата и водењето на нивната надворешна политика.

Регионалната соработка им обезбедила на балтичките земји платформа за подобрување на нивните позиции во меѓународната заедница. Преку претставување на обединет фронт за клучните прашања, тие успевале да го засилат својот глас и да извршат поголемо влијание во меѓународните организации и да делуваат при креирањето на важни решенија за регионот и пошироко. Преку нивната соработка, балтичките земји успешно се залагале за нивните заеднички интереси, како што се безбедносните грижи поврзани со Русија, енергетската диверзификација и поддршката за демократските вредности.

Магистерскиот труд е претставен во шест глави.

Во прва глава е елаборирана предметот на истражување, истражувачките методи и е претставена хипотетската рамки врз која се спроведува истражувањето во трудот.

Во втора глава направен историски осврт на развојот на Балтичките земји. Кратко е опфатен периодот пред присоединувањето кон Руската Империја, понатаму периодот меѓу двете светски војни, кога балтичките земји се стекнуваат со независност, но истата трае само неколку години, за потоа да ја добијат својата конечна независност во 1991г. Важно е да се разгледа историјата на балтичките земји бидејќи таа ги одразува разновидните и турбулентни настани кои го обликуваат регионот. Таа е обележана со периоди на независност, измеѓу периоди на контрола и окупација од страна на други народи. Истражувањето на естонската, латвиската и литванската историја обезбедува важна перспектива за анализа на развојот на нивните надворешни политики, безбедносни состојби и меѓународното позиционирање на овие три земји.

Во трета глава е анализирана надворешна политика на Балтичките земји во постсоветскиот период (а пред влезот во ЕУ). Зборувајќи за Балтикот неизбежно е да се разгледа поврзаноста на регионот со Руската Федерација, влијанието на Русија во сите процеси, како и руската зависност на Балтичкиот регион, економска, енергетска, политичка и конкретно во обидите за водење независна надворешна политика, преку т.н. тешка и мека моќ за руско влијание врз Балтикот (hard and soft power).

Опфатена е анализа за тоа како Балтикот се спротивставувал на руското влијание, нивната заедничка надворешна политика и безбедносни стратегии. Со цел да се ослободат од целосната руска зависност Балтичките земји усогласено и преку тесна соработка ја насочуваат својата надворешна политика кон европеизација и што е можно побрзо стапување во Европската Унија, дури и по цена ова да значи излез од еден сојуз (СССР) за влегување во нов. Ова го гледаат како единствен начин за реално да се ослободат од руската зависност, иако формално се веќе независни држави.

Во четврта глава детално е разработена регионалната „Балтичка“ соработка-Балтички Совет, како институционална форма на соработка и поврзаност меѓу трите земји. Опфатени се најзначајните цели и агенда на „Балтичкото собрание“, од формирањето, преку борбата за стекнување независност, залагање за вклучување на Балтикот на меѓународната сцена, заедничките интегративни процеси на Балтичките земји, и натамошната соработка откако трите земји стануваат полноправни членки на ЕУ и НАТО. Разгледана е улогата на Балтичкото собрание, како меѓународна организација, во насока на исполнување на заедничките надворешно-политички приоритети на Балтикот, а со цел успешна интеграцијата и поставеност на балтичките држави во меѓународната арена.

Во петтата глава се разгледува надворешната политика на Балтичките земји како полноправни членки на Европската Унија, накратко се анализирани нивните претседавања со Советот на ЕУ, со цел истражување на улогата на Балтичките земји и нивната заедничка специфична надворешна политика во обликувањето и креирањето на надворешната политика на ЕУ, како и политичкиот импакт од членството на Балтичките земји во ЕУ. Ќе прикажам како Балтичките земји одиграле важна улога во обликувањето на надворешната политика на ЕУ преку нивното историско искуство, геополитичка положба, усогласување со принципите на ЕУ, регионалната соработка и акцентот на прашањата за одбраната и безбедноста. Нивните перспективи и приоритети придонесуваат

за насочување на пристапот на ЕУ кон надворешните односи, особено во однос на Русија и заедничките вредности што ЕУ ги поддржува во нејзините надворешно-политички напори.

Во шеста глава е спроведено квалитативно истражување. Тука се претставени проблемот и предметот на истражување во овој магистерски труд. Проблем на истражување е улогата на регионалната поврзаност и соработка на Балтичките земји во нивната надворешна политика и значењето на регионалната соработка за подобро позиционирање на меѓународната сцена. Предмет на истражување на овој труд е теоретско размислување за Балтичките земји како институционално, економски и политички поврзан регион, со речиси идентични историски процеси, и тесна меѓусебна соработка и координирана надворешна политика, која по добивањето независност од СССР ја насочуваат кон европска и евроатлантска интеграција, засилена соработка кон европеизација на нивните општества и нивната безбедносна политика.

ГЛАВА ПРВА: ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

1.1 ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Проблемот на истражување во овој магистерски труд е улогата на регионалната поврзаност и соработка на Балтичките земји во нивната надворешна политика и значењето на регионалната соработка за подобро позиционирање на меѓународната сцена. Овој труд дава осврт и на улогата на регионалната поврзаност на трите Балтички земји за заедничко стекнување на независност од СССР, за нивната институционална поврзаност преку „Балтичкиот Совет„ кон остварување на надворешно-политичките приоритети и безбедносна политика, пред и по добивањето на статус полноправни членки на Европската Унија.

Балтичките земји се разгледуваат како институционално, економски и политички поврзан регион, со речиси идентични историски процеси, и тесна меѓусебна соработка и координирана надворешна политика, која по добивањето независност од СССР ја насочуваат кон европска и евроатлантска интеграција, засилена меѓусебна соработка кон европеизација на нивните општества и нивната безбедносна политика, а со главна цел оддалечување од орбитата на руското влијание, што за трите земји претставнува главна опасност низ минатото и до денес. Се согледува придонесот на регионалното поврзување во исполнувањето на заедничките надворешно-политички цели, како и целите на заедничката надворешно безбедносна политика на ЕУ.

Полезноста од регионална соработка, поврзување и взаемна поддршка во насока на остварување на поширок цели, кои се заеднички интерес за регионот. Немањето на регионални проблеми овозможува насочување кон остварување на суштински приоритети, ги засилува земјите и им дава појака позиција на меѓународната сцена.

Историскиот развој на балтичките земји ги одразува разновидните и турбулентни настани кои го обликуваат регионот. Тој е обележан со периоди на независност, измеѓу периоди на контрола и окупација од страна на други народи, и континуирана меѓусебна соработка. Истражувањето на естонската, латвиската и литванската историја и нивната

поврзаност обезбедува важна перспектива за анализа на развојот на нивните надворешни политики, безбедносни состојби и меѓународното позиционирање на овие три земји.

Соработката на Естонија, Латвија и Литванија во доцните 1980-ти и раните 1990-ти се карактеризира, од една страна, со експлицитно чувство на емоционална припадност кон балтичкиот регион, како што се заедничките декларации и изјави од страна на официјални лица на балтичките земји за балтичката соработка и единство, и како што е потврдено со „Балтичкиот пат„ од 23 август 1989 година, кога жителите на балтичките држави здружено и држејќи се за раце формирале човечки синџир од Талин до Вилнус, со кој јасно и ги покажале на меѓународната заедница заедничките цели и заедничката идеологија на балтичките држави и нивната цврста решеност за обновување на националната независност и враќање во европското семејство на народи. А од друга страна, соработката се карактеризира со прагматичен пристап во користењето на регионалната соработка поради ограничените финансиски и човечки ресурси на Естонија, Латвија и Литванија, како и недостатокот на искуство во меѓународната политиката и во обликувањето на нивната надворешната политика.

Балтичката соработка и единство ја достигнале својата кулминација на почетокот на 1990-тите кога движењата за независност биле акутно свесни дека најважните цели можат да се постигнат само со блиска меѓусебна соработка. Секоја значајна одлука и акција биле меѓусебно усогласени. Зголеменото чувство за регионално единство, ограничените финансиски и човечки ресурси, меѓународните околности, надворешните закани и притисок, како и можноста за поефикасно решавање на конкретни проблеми и постигнување долгорочни социјални и економски цели, но и надворешно-политички достигнувања, биле основните фактори кои ја одредуваат блиската соработка меѓу движењата за независност на трите земји. Откако трите земји успеале во своите стремежи за стекнување независност овие движења се повеќе се претварале во институционална соработка, формирање на заеднички институции и органи- Балтички Совет, Балтичко Собрание итн, при што функционирале и до денес функционираат како усогласен регион, кој се справува со заеднички предизвици, но и ги остварува заедничките надворешно политички цели.

Надворешната политика на балтичките земји се карактеризира со силен фокус на регионалната соработка, евроатлантските интеграции и активното учество во меѓународните организации. Естонија, Латвија и Литванија споделуваат слични цели и

интереси, што води до тесна соработка на различни нивоа и полиња. Нивните заеднички приоритети се одржување добри односи со соседните земји, промовирање на стабилноста и безбедноста во регионот и соработка со глобалните партнери.

Балтичките земји водат конзистентен надворешно-политички пристап насочен кон зајакнување на нивните заеднички позиции во меѓународната заедница. Тие усогласени активно барале членство во меѓународните организации како што се Европската унија (ЕУ), НАТО и Обединетите нации (ОН). Со пристапувањето во овие организации, балтичките земји добиле отворена платформа за застапување за нивните интереси, давање нивни придонес во процесите на донесување одлуки и зајакнување на нивното глобално влијание. Со поттикнување блиска регионална соработка и сплотеност, балтичките земји воспоставија репутација на доверливи и конструктивни партнери. Ова го подобрува нивниот кредибилитет и ја зголемува веројатноста да бидат сфатени сериозно на глобалната сцена.

Исто така, регионалните врски ја зајакнуваат позицијата на балтичките земји во Европската унија. Преку претставување на обединет фронт за клучните политички прашања, на блатичките земји им се овозможува платформа за ефективно застапување на нивните политики и колективно промовирање на нивните интереси. Зборувајќи во еден глас за клучните прашања, тие можат да влијаат на меѓународните дебати и да обликуваат па дури и наметнуваат политики што се усогласуваат со нивните приоритети, односно ова им овозможува да вршат поголемо влијание во поширокатa меѓународна заедница.

Балтичките земји водат надворешна политика која им дава приоритет на нивните национални интереси, а истовремено се фокусира на регионалната соработка и интеграција во рамките на Европската унија и НАТО. Секоја земја има свои уникатни приоритети, но тие имаат заедничка цел за зајакнување на нивната регионална безбедност, промовирање на демократските вредности и поттикнување на економскиот развој.

Понатаму, регионалната соработка го подобрува капацитетот на балтичките земји да се справат со предизвиците што ги надминуваат националните граници, како што се безбедносните закани, еколошките прашања и економската интеграција. Демонстрирајќи ја нивната способност ефективно да работат заедно, тие го подобруваат својот статус и привлекуваат поголемо внимание од меѓународните партнери.

Проблем на истражување е улогата на регионалната поврзаност и соработка на Балтичките земји во нивната надворешна политика и значењето на регионалната соработка за подобро позиционирање на меѓународната сцена. Овој труд дава осврт и на улогата на регионалната поврзаност на трите Балтички земји за заедничко стекнување на независност од СССР, за нивната институционална поврзаност преку „Балтичкиот Совет„ кон остварување на надворешно-политичките приоритети и безбедносна политика, пред и по добивањето на статус полноправни членки на Европската Унија.

1.2 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражување на овој труд е теоретско размислување за Балтичките земји како институционално, економски и политички поврзан регион, со речиси идентични историски процеси, и тесна меѓусебна соработка и координирана надворешна политика, која по добивањето независност од СССР ја насочуваат кон европска и евроатлантска интеграција, засилена соработка кон европеизација на нивните општества и нивната безбедносна политика.

1.3.ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето на наведената проблематика има научна и практична цел. Научната цел на ова истражување е да се разгледа и објасни постоењето на регионалната организација „Балтичка соработка-Балтички совет„ функционалноста на неговите институции за општо добро на балтичките земји, а пред се во доменот на надворешио-безбедносната политика и полезноста на таквата регионална поврзаност за напредок и успешни интергативни процеси на земјите од Балтичкиот регион.

Практичната цел на ова истражување е обезбедување на основните сознанија со кои може реално да се согледа како регионалната политичко-економска соработка на Балтичките земји придонесува за заеднички напредок на земјите и зголемување на нивната безбедносна состојба. При тоа, да се согледа значењето на соработката меѓу Балтичките земји и нивните заеднички напори за подобро позиционирање во

меѓународната заедница и придонесот на регионалното поврзување во исполнувањето на заедничките надворешно-политички цели, како и целите на заедничката надворешно безбедносна политика на ЕУ.

1.4. ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Она што го оправдува постоењето на овој наслов во општествената и научната сфера е полезноста од регионална соработка, поврзување и взаемна поддршка во насока на остварување на поширок цели, кои се заеднички интерес за одреден регион. Немањето на регионални проблеми овозможува насочување кон остварување на заеднички приоритети од суштинско значење, ги засилува земјите и им дава поголем кредибилитет и појака позиција на меѓународната сцена.

1.5. ХИПОТЕТСКА РАМКА

Со цел детално да се елаборира истражувачкиот предмет, се поставуваат Генерална хипотеза на ова истражување која гласи:

ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА: Успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од одличната меѓусебна регионална соработка, институционална поврзаност и заемна поддршка на секое ниво.

Од генералната хипотеза произлегуваат следните посебни хипотези кои ова истражување ќе се обиде да ги потврди:

ПРВА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА

Успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од одличната меѓусебна регионална соработка.

ПРВА ПОЕДИНЕЧНА КОН ПРВА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА: - Формите на регионално поврзување на Балтичките земји, кои се наоѓаат во регион, кој историски честопати е под тешки околности и сложено опкружување, влијаат на развојниот пат на секоја земја одделно, особено на нивните позиции на меѓународната сцена, кои заеднички ги промовираат.

ВТОРА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА:

Успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од институционалната поврзаност.

ПРВА ПОЕДИНЕЧНА КОН ВТОРАТА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА:

Трите премали балтички земји самостојно не би успеале да го привлечат вниманието на Западот и да достигнат надворешно-политички успеси, додека од заедничка позиција можат да влијаат на меѓународните дебати и да обликуваат па дури и наметнуваат политики што се усогласуваат со нивните национални приоритети, и поголемо влијание во поширокатa меѓународна заедница.

ТРЕТА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА:

Успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од заемна поддршка на секое ниво.

ПРВА ПОЕДИНЕЧНА КОН ТРЕТАТА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА:

-Со специфичните гледишта, заедничката позиција и надворешно-политичка агенда Балтичките земји иако мали влијаат на процесот на обликување на надворешната и безбедносна политика на ЕУ.

1.4. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАПКА

За изработката на овој магистерски труд ќе се користи следнава методологија: квалитативна анализа на извештаи и документи, од официјалните тела на државите и меѓународните организации, вклучени во истражувањето; ќе биде направено и интервју на Македонскиот Амбасадор во Република Естонија, Н.Е. г-дин Драган Јордановски. При тестирање на истражувачките тези очекуваниот резултат треба да ја покаже полезноста од регионалната интеграција на Балтичките земји во насока на севкупен напредок и исполнување на надворешно-политичките цели на трите земји и креирање на нивната заедничка надворешно безбедносна политика. Текот на истражувањето ќе го сочинуваат собирањето на потребните информации, документи и извештаи, спроведувањето на интервју, нивна анализа и соодветен приказ во трудот.

ГЛАВА ВТОРА. ИСТОРИСКИ ОСВРТ ЗА БАЛТИЧКИТЕ ДРЖАВИ

Балтичките земји споделуваат заедничка историја обликувана од различни влијанија и геополитички промени. Историјата на балтичките земји ги одразува разновидните и турбулентни настани кои го обликуваат регионот. Таа е обележана со периоди на независност, измеѓу периоди на контрола и окупација од страна на други народи. Истражувањето на естонската, латвиската и литванската историја обезбедува важна перспектива за анализа на развојот на нивните надворешни политики, безбедносни состојби и меѓународното позиционирање на овие три земји.

2.1.БАЛТИЧКИТЕ ДРЖАВИ ПРЕД ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО КОН РУСКАТА ИМПЕРИЈА

Географската локација на балтичките држави одиграла голема улога во историските настани на целиот регион. Трите балтички држави опфаќаат обединета географска област[2] која на запад се граничи со Балтичкото Море, на исток со Русија и Белорусија и на југ со Полска. Од крајот на XII век, балтичкиот регион првенствено бил управуван од инвазивни сили преку сукцесија. Естонија и делови од Латвија во одредени периоди биле контролирани од странски сили како што се Кралствата Данска, Шведска-ера на Викинзите.[3]Ситуацијата со Литванија била поинаква. Литванското кралство доминирало во регионот од Балтичкото до Црното Море за време на средновековната ера[4], кога кралството формирало Комонвелт со Полска, нејзиниот сосед на југ.

---

[2] Andrea J. Hanneman, Note, Independence and Group Rights in the Baltics: A Double Minority Problem(1995).

[3] The nations of Estonia and Latvia as we know them today did not exist at this time. The use of these names is intended to provide reference to the geographic region only. Prior to the eighteenth-century incorporation of the Baltic region into the Russian Empire, "neither an 'Estonia' nor a 'Latvia' existed or ever had existed; and only Lithuania had experienced independent statehood." James D. White, Nationalism and Socialism in Historical Perspective, in THE BALTIC STATES: THE NATIONAL SELF-DETERMINATION OF ESTONIA, LATVIA AND LTHUANIA (Graham Smith ed., 1994)

[4] Graham Smith: The Baltic Nations and NationalSelf-Determination, in THE BALTIC STATES: THE NATIONAL SELF-DETERMINATION OF ESTONIA, LATVIA AND LITHVANIA

Овој период на литванска моќ, сепак, не бил предодреден да трае. Во XVIII век, Русија го освојува Балтичкиот регион. Петар Велики ги освоил Ливланд и Естланд од Швеѓаните и, во 1772 година, Катерина II го стекнала Латгал преку Првата поделба на Полска (First Partition of Poland). Процесот на освојување на Балтичкиот регион Руската Империја го завршила во 1795 година. Во рамки на Руската Империја балтичките територии задржале голема локална автономија, но таа не создавала чувство за национален идентитет. Мнозинството од етничките Естонци, Летонци и Литванци биле земјоделци-фармери кои останале културно туѓи на балтичкото благородништво. Сепак, токму кога руската влада го свртела целото внимание на Русификација на балтичките провинции во 1880-тите благородништвото и земјоделците стануваат поздружени, со што за прв пат се формирало чувство на национална свест. Националната свест се негувала и преку религијата и фолклорот. Во обид да го зголеми своето членство, Руската православна црква почнува да објавува многу од своите публикации на естонски и латвиски; ова зголемување на текстови на мајчин јазик обезбедува образование на мајчин јазик, со што драстично е намалена неписменоста, речиси до точка на елиминација.

За разлика од Естонија и Латвија, во Литванија сличниот развој на националната свест се случува уште пред руската доминација. Во 1865 година,во обид да ги скрши овие националистички превирања, руската влада силно реагирала забранувајќи издавање литвански книги на латиница и интензивирајќи ги мерките за русификација[5]. Како и во Естонија и Латвија, така и во Литванија зголемените напори за русификација имале токму спротивен ефект врз литванското население, а националистичко движење било поттикнато од отпорот кон руската политика.[6]

Појавата на национална свест заедно со политичките немири во Руската империја го обезбедиле идеалниот катализатор да ги поттикне ослободителните движења од почетокот на дваесеттиот век кои ќе завршат со независност на Балтикот. Балтичките земји го искористиле моментумот за реакција, додека Русија сè повеќе се заплеткувала во

[5] Id. The ban on the use of the Roman alphabet was especially traumatic for many Lithuanians because "the use of the Roman alphabet was something which distinguished the Catholic Lithuanians fromthe Orthodox Russians."
[6] The Hanneman Archive Hanneman 2014 Hanneman, 489.

политичките конфликти од Револуцијата од 1905 година[7]; при што штрајковите, и индустриски и земјоделски, брзо се проширале низ целиот регион како форма на отпор од балтичките земји. Други многубројни примери за форми на отпор биле: Повиците за слобода на печатот и универзалното право на глас кои довеле до формирање на национални собранија кои се залагале за групна автономија. „Ослободителни“ демонстрации кои биле насочени кон германските благородници и свештеници во Естонија и Латвија, пти што демонстрантите палеле германски куќи и убивале поединци кои зборувале германски. Во Литванија, помалку драматични востанија биле насочени кон руските учители и свештеници. Литванскиот национален конгрес повикувал на „автономија, централизирана администрација за етничкиот литвански регион...и употреба на литванскиот јазик во администрацијата“.[8]

Во меѓувреме, среде внатрешните политички превирања, Русија започнува и многу поголема политичка битка: Првата светска војна.

2.2. СТЕКНАТА И ИЗГУБЕНА НЕЗАВИСНОСТ (INDEPENDENCE GAINED AND LOST)

Со завршувањето на Првата светска војна, балтичките држави една по една прогласуваат независност, демонстрирајќи ги чувствата на националната свест што ги поврзуваат нациите. Најпрво, на 16 февруари 1918 година, дваесетчлениот литвански Национален совет ја прогласи Литванија за независна држава. Естонија го следеше примерот, основајќи ја Естонската Република на 24-25 февруари 1918 година, со декларација на Привремениот совет (Maapaev), додека Латвискиот национален совет ја прогласи независноста на Латвија во ноември 1918 година.

[7] На 9 јануари 1905 година, се случува Крвавата недела, каде повеќе од 100 работници биле убиени, а стотици ранети кога полицијата пукала во демонстрантите пред Зимската палата во Санкт Петербург. Левичарските општествени историчари се фокусираат на работниците како движечка сила на револуцијата, која продолжува со вооружен бунт во Москва во декември истата година.

[8] *The Hanneman Archive* Hanneman 2014, 489.

Оваа долгоочекувана независност на Балтичките држави, не била долготрајна, и успеале да ја задржат само дваесет години, до 1940 година[9]. Меѓутоа, тие години биле значајни, бидејќи во тој период балтичката национална свест процветала додека трите држави се впуштиле во предизвикот да ги изградат своите нации. Во обид да ја обезбедат својата континуирана независност, секоја од трите држави склучила мировни договори со Советскиот Сојуз, кој се согласил да се откаже од какви било претензии (минати или идни) кон регионот. Секоја воспоставува демократски устав, „закон за права“ дизајниран да гарантира индивидуални граѓански права, а секоја држава да им овозможи на етничките малцинства поголемо политичко учество. Овие политики за малцинските грижи, како и независноста на Балтикот, не траеле долго. Светските тензии ги трансформирале демократските режими во авторитарни влади, кои се занимавале со развивање на добро дефинирани национални култури.

Политичкиот хаос предизвикан од Првата светска војна им овозможил на балтичките држави да ја прогласат својата независност. Иронично, политичкиот хаос предизвикан со следната светска војна пак, повторно ги чинел губење на нивниот суверенитет.

Како што се приближувала Втората светска војна, балтичките држави не биле во можност да се вклучат во договор за колективна безбедност, бидејќи советските и германските политички стратегии ги спротивставувале државите една против друга и на крајот ја разбиле балтичката целина/сплотеност.[10] А во меѓувреме, додека балтичката политичка кохезија се расцепувала, Сталин и Хитлер нетрпеливо набљудуваат, секој подготвувајќи го својот план за балтичкиот регион.

Сталин барал контрола на топловодното пристаниште Рига (лоцирано во Латвија) и започнал воена мобилизација долж естонската и латвиската граница за да ја постигне оваа цел. Сталин, исто така, побарал контрола врз балтичките држави бидејќи тие сочинуваат

---

[9] Nicholas Hope, Inlerwvar Statehood: Symbol and Reality, in THE BALTIC STATES: THE NATIONAL SELF-DETERMINATION OF ESTONIA, LATVIA AND LITHUANIA,

[10]David Kirby, Incorporation: The Molotov-Ribbentrop Pact, in THE BALTIC STATES: THE NATIONAL SELF-DETERMINATION OF ESTONIA, LATVIA AND LITHUANIA, supra note 8, at 69, 69-70 : Балтичките земји можеби ќе можеа да ги тргнат настрана своите меѓусебни сомнежи „да не беа поставени меѓу Русија и Германија во периодот кога, на деликатниот јазик на официјален претставник на британското МНР„и двата големи соседи подлегнале на непринципиелни режими“.

важна и потенцијално ранлива гранична зона[11]. Хитлер го анектирал Мемелскиот дел на Литванија во 1939 година.[12] Ова континуирано мешање и од Германија и од Советскиот Сојуз кулминирало со таен протокол на Пактот Молотов-Рибентроп од 1939 година (the 1939 Molotov-Ribbentrop Pact), кој му обезбедува на СССР контрола врз балтичките држави. Контролата врз балтичките држави Советите ја задржале само две години, кога германските трупи го нападнале регионот за да „го ослободат" Балтикот. Повторно "ослободување" се случило во 1944 година кога советските трупи се вратиле за да го "ослободат" Балтикот од германската контрола. За Естонија, како и за другите две балтички држави, советската победа во Втората светска војна има двојно значење: според нив, тоа подразбира крај на нацистичката окупација, но и почеток на советската.

Балтичките земји остануваат во состав на СССР, а Советите потоа се соочуваат со предизвикот целосно да ги интегрираат балтичките држави во СССР. Една од главните пречки со кои се справувале било потиснувањето на напливот на националната свест.

За таа цел, руските лингвистички термини биле инкорпорирани во мајчините јазици, а историските книги биле препишувани за да се нагласи славата на претходните односи на Русија со балтичките држави. СССР депортирал илјадници балтички политички, јавни и религиозни личности од периодот на независноста.[13]

Сепак, репресивните мерки не ја постигнале својата цел и всушност биле контрапродуктивни. Оние кои се бореле за ослободување не се откажале од своите борби, напротив, го продолжиле движењето, но скришно во подземјето.

2.3.ВРАЌАЊЕ НА НЕЗАВИСНОСТА – ДОБИВАЊЕ НА КОНЕЧНА НЕЗАВИСНОСТ

[11] David Kirby, стр. 70

[12]Hanneman, 491

[13] Aleksandras Shtromas, The Baltic States as Soviet Republics: Tensions and Contradictions, in THE BALTIC STATES: THE NATIONAL SELF-DETERMINATION OF ESTONIA, LATVIA AND LITHUANIA 8, at 86, 86-87. " Се проценува дека советската репресија и евакуацијата во СССР во 1940-41 година ја чинеле Литванија 39.000, Летонија 35.000, а Естонија (каде советските сили останале најдолго и имало одредено регрутирање во Црвената армија) 61.000 граѓани.“

Националната свест почнала јавно да се појавува дури кога, под раководството на Горбачов, СССР започнал политика на отвореност (попозната како гласност). Токму во овој период на отвореност, националниот идентитет повторно процветува и на крајот доведува до ослободување на балтичките земји од советската контрола. Важен момент за трите балтички земји, што ги поттикнал да ги оживеат своите борби за независност се заканите од еколошки штети и катастрофи.[14] Оваа закана, во комбинација со долгогодишното советско угнетување, ги навела балтичките народи да почувствуваат „дека нивното национално постоење е загрозено. Две случувања ги поттикнале балтичките држави да постават барања за нивна независност: падот на комунизмот во Источна Европа и објавувањето на дотогаш тајниот пакт Молотов-Рибентроп, во 1988 година. По објавувањето на Пактот, тие сметаат дека мора да се признае дека балтичките држави биле принудени да влезат во Советскиот Сојуз. Незадоволството од советскиот систем предизвикало масовни демонстрации, протести и акти на пркос на Балтикот помеѓу 1987 и 1991 година, кои кулминирале со мирни политички демонстрации каде човечки синџир (држејќи се за раце) ги поврзал трите балтички престолнини – Талин, Рига и Вилнус на 23 август 1989 година. Засилени од меѓународната поддршка, балтичките земји иницираат референдум за да се реши прашањето за независност- населението со големо мнозинство гласало за ослободување од советската контрола[15].

Во 1991 година, СССР брзо се впушта кон задушување на националистичките движења, иницирајќи „насилни акции“ во Латвија и Литванија, но безуспешно. Под притисок на неодобрувањето од Западот, Горбачов неволно се согласил да им даде независност на балтичките републики. На 6 септември 1991 година, Горбачов и лидерите на Советскиот Сојуз формално ја признале независноста на балтичките држави. Естонија,

[14]Во Естонија, таков бил „инцидентот Панда“. Популарната програма за природата со наслов „Панда“ ја емитувала веста дека СССР има намера да го прошири копањето на фосфорат, што предизвикува екстремна штета на животната средина на Естонија, како и на животната средина на другите две балтички држави. Демонстрантите од сите сфери на естонскиот живот се здружиле во борбата против експанзијата на рударството. Националната свест на Летонија на сличен начин била оживеана од еколошка закана. СССР имал намера да изгради хидроцентрала на реката Даугава; фабриката би предизвикала еколошка штета и би уништила неколку латвиски културни знаменитости. Во Литванија пак, предложеното проширување на нуклеарната централа Игналина, кое било направено по моделот на онаа лоцирана во Чернобил, било катализатор што повторно ги разбуди националистичките возбуди кај литванскиот народ.

[15]За независност од СССР гласале 78% од Естонците, 74% од Латвијците, а 90% од Литванците.

Латвија и Литванија како независни држави добиваат членство во Обединетите нации на 17 септември 1991 година.

ГЛАВА ТРЕТА: НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА НА БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ПОСТСОВЕТСКИОТ ПЕРИОД (ПРЕД ВЛЕЗОТ ВО ЕУ)

Со добивањето на независност доаѓаат многу можности, но и предизвици. Балтичките земји и понатаму се соочуваат со бројни проблеми на нивните индивидуални и заеднички патишта кон меѓународната политичка и економска интеграција.

За почеток, секоја од трите земји е мала и затоа не може лесно да ја наметне својата волја на поголемите политички актери.[16] При тоа, позицијата на Естонија, Латвија и Литванија е комплицирана од два дополнителни фактори: 1) Балтичките земји се новодојденци на политичката сцена, а нивната слобода на дејствување е директно пропорционална со времетраењето на нивното независно постоење; 2) Во 1991 година балтичките земји не само што биле зависни, туку нивната зависност (економска и политичка) била концентрирана само на еден учесник во меѓународната политика - Русија. Оваа ситуација може да се опише како едностранa независност.

Поради нивниот релативен недостаток на политичка моќ и потенцијална едностранa независност, балтичките држави како една од главните политички цели по осамостојувањето го поставиле надминувањето на оваа зависност, преку фокусирање на претворање на едностраната зависност во плуралистичка зависност, за „зависноста да не е концентрирана само на еден актер на меѓународната сцена“. Во обид да се постигне оваа плуралистичка зависност, секоја од трите нации веднаш бара членство во меѓународни организации, што секако ќе им ја обезбеди на балтичките земји потребната економска и политичка поддршка.[17]

Сублимирано, откако ја вратиле независноста, балтичките земји постигнале значителен напредок во различни области, вклучувајќи го економскиот развој,

---

[16]Andris Ozolins, The Policies of the Baltic Countries Vis-d-Vis the CSCE, NATO and WEU, in THE FOREIGN POLICIES OF THE BALTIC COUNTRIES: BASIC ISSUES (Pertti Joenniemi & Juris Prikulis eds., 1994).

[17]Балтичките земји исто така аплицирале за членство во повеќе други мултинационални политички организации. Сите три нации станале членки на КЕБС (CSCE) на 10 септември 1991 година.

политичката стабилност и зачувувањето на културата. Тие работеле на зајакнување на своите врски со меѓународната заедница додека го негувале својот уникатен балтички идентитет.

3.1. ПОСТСОВЕТСКИ ПЕРИОД. РУСКАТА ЗАВИСНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА БАЛТИЧКИОТ РЕГИОН

Според Балтичката доктрина за државен континуитет „трите балтички земји биле окупирани и незаконски анектирани од СССР во 1940 година, де јуре продолжиле да постојат низ Студената војна и ја вратиле својата независност во 1991 година„.

Во периодот на добивање независност од СССР, Литванија, Латвија и Естонија, доживуваат бројни политички и општествени промени, бидејќи како земји-членки на СССР, балтичките држави се доминирани од советската политика. Со отцепувањето се отвара долго посакуваната можност за балтичките држави да се вратат на својот поранешен независен статус, но се исправени пред тежок транзициски процес. Военото присуство на Русија во балтичките земји завршило во 1998 година со затворање на последниот поранешен советски воен објект Скрунда во Латвија. Сепак, повлекувањето на руските сили не значело дека Русија се откажала од напорите да влијае на надворешната, безбедносната и одбранбената политика на овие земји. Балтичките држави и понатаму остануваат таргет на Москва во обид да се ограничи нивната независност и влијание и да се поткопаат нивните политички и економски избори. Со оглед на нивната големина, географска локација и нивното историско потпирање на руската енергија и ресурси, балтичките земји остануваат подложни на руско влијание и претежно зависни од Русија и по стекнувањето на официјална независност и тоа останува како трн во око за владите во Талин, Рига и Вилнус и водењето на нивните надворешни политики.

По добивањето независност, балтичките држави го следеле патот кон интеграција со западните институции, како што се Европската унија и НАТО, чекори кои според нив Русија ги смета за навлегување во нејзината традиционална сфера на влијание.

Токму затоа, според естонски но и меѓународни експерти, меѓу кои полскиот дипломат Kalev Stoicescu, Москва се обидувала да го попречи пристапот во НАТО и ЕУ на сите три балтички земји, на пример, со непотпишувањето договори за демаркација на

границата. Прекршувањата на воздушниот простор и поморската граница биле многу чести, поврзани со рускиот воздушен и поморски сообраќај меѓу континентална Русија и ексклавата Калининград.

Според него, покрај конвенционалните воени закани, Русија активно користела економски, финансиски, енергетски и информациски алатки за да изврши притисок врз балтичките земји и да влијае на нивната надворешна, безбедносна и одбранбена политика. Примерите вклучуваат повторени информативни операции на Русија во кои се обвинуваат балтичките влади за дискриминација на етничките Руси и други обиди да се поттикне несогласување меѓу руските малцинства; систематско користење на цените на енергијата за да се изврши притисок врз балтичките држави, пред се Литванија и Естонија; редовното нарушување на балтичките воден и воздушниот простор од руски бродови и летала.[18]

3.1.1. ТЕШКА И МЕКА МОЌ (HARD AND SOFT POWER)

Влијанието на Русија во балтичките земји е сложена и повеќеслојна тема што може да се разгледува низ призмата на тврда моќ и мека моќ. Во случајот со влијанието на Русија во балтичките земји, и цврстата и меката моќ имале значајна улога. За да ги олесни своите балтички цели, Москва употребувала мешавина од тврда и мека моќ. Тврдата моќ се однесува на „ традиционалните способности на една нација или политичко тело да користи економски стимулации или воена сила за да влијае на однесувањето на другите актери, додека „меката моќ е способност да се влијае врз другиот субјект врз основа на политичките, културните вредности и надворешната политика, односно да ги обликува преференциите на другите преку културни, идеолошки и дипломатски средства “[19].

Користењето тврда моќ од Москва на Балтикот било највидливо во енергетскиот сектор. Студија од 2012 година покажува дека сите три балтички држави околу 90% зависеле од руската нафта и речиси 100% од рускиот гас. Енергетската инфраструктура од советската ера во комбинација со недостатокот на домашни природни ресурси го принудувала Балтикот да се обраќа кон својот источен сосед за нафта и гас, а Москва

[18] Kalev Stoicescu "Public Diplomacy 2019" „Estonian-Russian relations remain frosty “
[19] Џозеф Наj Joseph Samuel Nye Jr.

често ја искористувала оваа ситуација.[20] Нафтените санкции, енергетските прекини и одвраќањето на странските фирми од соработка со балтичките енергетски проекти се искористени за унапредување на руските интереси во регионот. На пример, во 2006 година Русија го прекинала снабдувањето со нафта на литванската рафинерија Мажеику Нафта (МН) како одговор на одлуката на литванската влада да ја одземе сопственоста на рафинеријата од рускиот гигант Лукоил и да ја пренесе на полската ПКН Орлен во мај 2006 година.

Друг пример на санкции и дестабилизација со користење на моќта е од 2007 година, кога Владата во Талин гласала за преместување на советскиот споменик „Статуа на Бронзениот војник“од центарот на градот на воените гробишта во предградието. Различните толкувања на историјата од страна на Естонците и од Русите кои живеат во Естонија создале поделба во естонското општество што се користела за сеење незадоволство. Споменикот за Москва и за естонските руси ја претставувал советската слава, додека за Естонија е остар потсетник на советската окупација. Како санкција за одлуката за дислокација на споменикот, Русија ги запрела железничките испораки на сурова нафта и бензин. Нафтеното ембарго било придружено со крвави немири и протести во Талин во кои биле вклучени илјадници локални Руси, кои според естонските власти биле организирани од Москва. Кризата била поттикната од координирана употреба на дипломатијата, социјалните и традиционалните медиуми, економскиот притисок и, за прв пат, сајбер-нападите (од огромни размери- владини институции, банкарски систем,медиуми).[21] Единствената димензија на државната моќ што не била искористена била воената сила.

Во однос на меката моќ, Москва историски се обидува да влијае врз креирањето на политиката на Балтикот преку различни средства. За почеток, Москва се обидува да ги негува воспоставените мрежи блиски до Кремљ на Балтикот, кои имаат влијание во политичкиот, економскиот и културниот сектор. Политичките и деловните елити биле користени преку финансиски стимулации или донации за да ги унапредуваат руските

[20] Latvijas Gāze attempts to lobby Gazprom's interest in the parliament, Baltic News Network, March 11, 2013, https://bnn-news.com/gas-market-opening-change-latvia-90361

[21]Сајбер-нападите станале важен надворешно-политички инструмент на Кремљ во 21-от век, а балтичките земји доживеале бројни други сајбер-напади за кои тие веруваат дека биле лансирани од Русија, меѓу кои поголемите во 2015 и 2017 година.

интереси и да влијаат врз политичкиот процес. А во периодот по осамостојувањето Русија има „значително влијание во балтичката деловна заедница, особено во Латвија и Естонија“ а руските интереси доминираат во деловниот и банкарскиот сектор[22].

Културни врски: Русија се стреми да ги задржи и зајакне културните врски со етничките Руси и заедниците што зборуваат руски во балтичките држави. Ова вклучува поддршка на училишта на руски јазик, културни настани и промовирање на руска литература, музика и филмови. Со негување културни врски, се создава чувство на афинитет и лојалност кај населението што зборува руски.

Токму затоа, еден од клучните елементи на руската мека моќ за зголемување на влијанието на Кремљ на Балтикот е таканаречената „сонародничка политика“, која е дизајнирана да ги зајакне врските меѓу Русија и рускојазичните кои живеат во други земји, особено во поранешните советски републики. Овие политики се насочени кон унапредување на културните, јазичните и економските врски со овие заедници и често вклучуваат обезбедување на различни форми на поддршка и помош: образование на руски јазик, културни програми и помош при репатријација, па се до заштитата на правата и интересите на сонародниците, односно наметнување на руското влијание во регионите каде што живеат.

Советската ера значително го променила населението на балтичките земји. Масовната депортација на локалното население, во комбинација со координиран прилив на рускојазично население, заедно со политиката на индустријализација, значително ја променило етничката рамнотежа, особено во Естонија и Латвија. Литванија била во помала мера погодена, бидејќи земјата веќе имала постоечко, добро интегрирано руско малцинство, кое живеело таму од осумнаесеттиот век. Т.н. сонародничка политика се спроведува главно преку Концептот на Руски Мир- Руски свет, кој функционира на два различни начини. Прво, тоа е националистички концепт според кој постои рускојазична заедница, расфрлана низ постсоветскиот простор, обединета со херојско минато, православна вера и јазик. Второ, тоа е нео-империјалистички термин кој потврдува посебна врска помеѓу руската држава и рускојазичните, без оглед на нивното место на живеење или државјанство.

[22] Емили Ферис, научен соработник во одделот за меѓународни безбедносни студии на Институтот за кралски Обединети услуги (RUSI).

Концептот Руски свет има историски корени во Руската империја и Советскиот Сојуз, кои се обидуваат да консолидираат различни етнички групи и територии под обединет руски идентитет. По распадот на Советскиот Сојуз во 1991 година, идејата за рускиот свет повторно станала нагласена, особено меѓу руските националисти и оние кои веруваат во важноста на одржувањето на руското културно и политичко влијание.

Концептот на рускиот свет може да се гледа како форма на мека моќ, бидејќи го промовира рускиот јазик, култура и вредности како обединувачка сила. Опфаќа различни аспекти, вклучително и промовирање на рускиот јазик како лингва франка, зачувување и славење на руските културни традиции и наметнување на геополитичките интереси на Русија во соседните земји со значително население што зборува руски, како што се пред се Украина, Белорусија и Балтичките земји.

Следејќи ја оваа логика, Русија има право и должност да ги штити интересите на сонародниците во странство, дури и на сметка на суверенитетот на другите држави. Земјите со големи заедници што зборуваат руски се дел од рускиот свет, кои Кремљ несомнено ги гледа како предности во својата стратегија да го задржи влијанието во регионот.

Обидите на Русија да го задржи влијанието врз етничките Руси во Балтичкиот регион е особено чувствително прашање за Естонија и Латвија, со оглед на нивната етничка разновидност, каде 25,2% од жителите на Латвија и 24,8% од жителите на Естонија се со руско потекло. За разлика од нив, Литванија е похомогена, и 84% од населението се етнички литванци. Дополнително, рускиот јазик често се зборува дома и меѓу Естонците, Латвијците, Украинците и Белорусите, што го прави рускиот прв јазик за 30% односно 34% кај населението на Естонија и Латвија. Дополнително, големо мнозинство етнички Латвијци и Естонци го разбираат и зборуваат рускиот јазик, што ги прави руските медиуми достапни за голем број балтички граѓани.

Во време на владеење на претседателот на РФ, Борис Елцин, руските критики за внатрешните работи на Балтикот се појавувале како одговор на порастот на националистичката политика во Латвија и Естонија. При тоа, во раните 1990-ти, по добивањето/враќањето на независност Латвија и Естонија носат строги закони за стекнување државјанство. Додека руските граѓани пред Втората светска војна и нивните

потомци автоматски станале државјани на независните држави во 1991 година, мигрантите од другите советски републики, кои се населиле во овие земји за време на советската ера, требало да положат испит за да добијат латвиско или естонско државјанство. Денес, поголем дел од луѓето со руско потекло ги поминале потребните тестови за јазик и историја, но останува исто така голем дел што до денес не може или не сака да ги исполни овие барања. При тоа, многу од овие поранешни советски граѓани не се одлучиле за руско или кое било друго државјанство, и затоа се лица без државјанство, но со посебен статус. Последователно, 10% од латвијските жители и 6% од жителите на Естонија го одржуваат единствениот статус на „не-државјани“ (латвиска формулација) или лица со „неодреден статус на државјанство“ (естонска формулација): нивното единствено државјанство е во поранешниот Советски Сојуз[23].

Додека Руската Федерација ги обвинува овие држави за злоупотреба на човековите права, владите на Естонија и Латвија истакнуваат дека патот до државјанство е отворен за сите што сакаат да го научат официјалниот јазик во земјата. Рига и Талин тврдат дека овие поранешни советски граѓани не се без државјанство, бидејќи тие се под заштита на естонските и латвиските држави. Со текот на годините, Латвија го воведе концептот valstspiederīgie (грубо преведено како државјани), кој ги вклучува и државјаните и не-државјаните. На пример, за време на тековното затворање на границите поради КОВИД-19, Латвија ги врати во татковината сите свои државјани, дури и т.н. не-државјани. Меѓутоа, естонските неграѓани можат да гласаат само на општински избори; а латвиските неграѓани воопшто немаат право на глас (иако се родени во тие земји).[24]

Истражувањето од 2019 година, спроведено од Латвиската канцеларија за државјанство и миграција, покажува дека 23% од недржавјаните на Латвија се чувствуваат неспособни да го положат испитот за познавање на латвискиот јазик, а 17% одбиваат да го полагаат и сметаат дека заслужуваат автоматски да добијат државјанство. 15% од овие луѓе чекаат владата да го олесни пристапот до државјанство, 13% се задоволни со нивниот моментален статус, 12 % уживаат во безвизното патување во Руската Федерација што им

[23] Annual Report on the Activities of the Latvian State Security Service in 2019, March 2020, p. 23.
[24] Emily Ferris, научен соработник во одделот за меѓународни безбедносни студии на Институтот за кралски Обединети услуги (RUSI).

го дозволува нивниот статус.[25] Во последниве години, Латвија бара начини и се направени бројни измени во однос на ова прашање.

Првата генерација политичари по независноста ги сметала законите за државјанство за добра идеја за заштита на националните интереси. Меѓутоа, понатаму се чини очигледно дека ситуацијата со неграѓаните ги ослабува естонските и латвиските општества, и ги прави поранливи на руските обиди за дестабилизација. Како што истакнува естонскиот научник Кристина Калас, во 2000-тите, реторичките линии и сонародничка политика станале нејасни помеѓу заштитата на националните интереси и заштитата на сонародниците.[26] Таа смета дека прашањето поврзано со носителите на сиви пасоши (ailien passports)- за етничките Руси во Латвија и Естонија кои не добиле државјанство автоматски по распадот на Советскиот Сојуз - го комплицирало напредокот во интегрирањето на заедниците што зборуваат руски таму. А Москва ги искористува овие компликации за да се позиционира како бранител на руските говорители во регионот, критикувајќи ги Естонија и Латвија што не им даваат автоматско државјанство на нивните големи малцинства што зборуваат руски, тврдејќи дека сите три балтички држави донеле рестриктивни закони со кои се ограничува јавната употреба на рускиот јазик. Со оглед на значителната руска дијаспора на Балтикот, иницијативата покренала сериозна загриженост и се смета за корисен начин за употреба на мека моќ за влијание во овие земји.[27]

Следствено, како што напоменавме Русија и по распадот на СССР имала многу алатки на располагање за да влијае на балтичките држави - поефикасни од прикриена или отворена воена агресија. Нивното значајно етничко руско население и т.н. „сонародничка политика„ и долготрајната енергетска зависност од Русија и овозможувале на Москва да го задржи статусот на еден од најмоќните регионални чинители долго по нивното осамостојување.

[25] https://www.integration.lv/en/informative-materials
[26] Kristina Kallas, "Claiming the Diaspora: Russia's Compatriot Policy and its Reception by Estonian-Russian Population," *Journal on Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, 2016.
[27] http://www.hscentre.org/uncategorized/hard-and-soft-power-an-analysis-of-russian-influence-in-the-baltic-states/

3.2. КАКО БАЛТИКОТ СЕ СПРОТИВСТВАВУВА НА РУСКОТО-ВЛИЈАНИЕ – НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И БЕЗБЕДНОСНИ СТРАТЕГИИ

3.2.1 РУСКИ ЦЕЛИ НА БАЛТИКОТ

Иако независноста на балтичките држави повеќе не е доведена во прашање, тие и понатаму имаат тенденција да бидат гледани како „поранешни провинции“ од Москва, и Кремљ се обидува да ги задржи врзани во руската сфера на влијание како и повеќето други поранешни советски републики. Додека Латвија, Естонија и Литванија се обидувале да се повлечат од орбитата на Русија и да се вградат како западни, европски држави, Москва се обидува да влијае и да го дестабилизира овој процес. Насоченоста на надворешната политика на Балтичките земји кон пристапување во НАТО и ЕУ во 2004 година дало многу надеж дека способноста и желбата на Русија да влијае на овие држави значително ќе се намалат. Сепак, и по добивањето независност и во следните децении се покажува дека Москва сè уште се стреми да одржи „зона на привилегирани интереси“ во регионот.

Следствено, Москва има голем број јасни политички цели во однос на балтичките земји:

• Кремљ се обидува да ги задржи балтичките држави политички, економски и социјално поврзани со Русија и да ја смени нивната стратешка насока.

• Москва има за цел да се здобие или да ја искористи клучната инфраструктура на Балтикот и исто така да го ограничи распоредувањето на единиците на НАТО и вооружувањето во регионот.

• Со приближно 1 милион етнички Руси кои живеат на Балтикот, Кремљ се залага за подобар третман на руските малцинства и помали бариери за добивање на естонско и латвиско државјанство.

• Москва, исто така, дава приоритет на „заштитата“ на историскиот наратив кој го наведува Советскиот Сојуз како ослободител на Европа од нацизмот. Овој наратив е широко осудуван во последниве години од источноевропските држави кои сега ја претставуваат советската победа во 1945 година како почеток на бруталната советска окупација на Источна Европа.

•Загриженост за обезбедување и заштита на нејзините граници - околу 60.000 километри вкупно, од кои една третина се копнени граници - водат до речиси ненаситна потреба за апсолутна безбедност и верување дека опасностите и заканите мора да се држат што е можно подалеку од Руско тло.[28]

3.2.2. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И БЕЗБЕДНОСНИ СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ

Латвискиот концепт за национална безбедност, литванската национална безбедносна стратегија и естонскиот концепт за национална безбедност јасно покажуваат дека Русија сè уште е најголемата закана за безбедноста на Балтикот. Руските напори за влијание врз балтичкото општество се споменуваат често и секој труд јасно покажува дека Москва е сериозна дестабилизирачка сила во регионот.

Во пракса, обично државите имаат тенденција да се држат до стратегиите што им помогнале да успеат во минатото. Финска, на пример, претпочитала мек тон во односите со Русија, бидејќи финската политичка елита е убедена дека токму мекоста и воздржаноста и овозможиле на земјата да ја задржи својата независност за време на Студената војна. Од истата причина, Германија верува во дијалог - затоа што дијалогот и соработката меѓу двата дела на поделената земја, и меѓу Западна Германија и СССР, ги олесниле внатре-германските контакти и на крајот помогнале да се обединат земјите.

А за Балтичките земји низ минатото успешен пристап биле жестоките и остри критики. За балтичките политички елити, формирани во годините на перестројка и гласност, јавната цензура била првиот чекор кон исправување на грешките. На крајот на краиштата, суштината на гласност била да се кажуваат нештата како што се навистина, одново и одново. Ова се повторувало додека сите не се увериле во истото или не се изморile од таквата реторика - но пристапот функционирал.

Затоа балтичките земји и во минатото, а уште позасилено денес толку остро и понекогаш недипломатски реагираат и дискутираат за Русија, иритирајќи ја Москва,

[28] Peter van Ham 1995, THE BALTIC STATES: SECURITY AND DEFENCE AFTER INDEPENDENCE

бидејќи на тој начин го употребуваат најефикасниот метод за самоодбрана што им е познат - остра, саркастична критика во стилот на перестројка.[29]

Веројатно вреди да се спомене дека за Балтикот демократијата не се смета само за алатка, која е важна за приклучување кон западните институции, туку врз основа на сопственото историско искуство, тие ја поврзуваат демократијата со зачувување на независноста и безбедноста. Во балтичките земји, иако главно во интелектуалните кругови, постои широко распространето верување дека неразвиената предвоена демократија не му дозволила на општеството правилно да реагира за изборот со кој се соочиле овие земји во 1939-1940 година, што на крајот довело до губење на нивниот суверенитет. Како резултат на тоа, демократијата се смета за клучен услов за одржување на независноста.

Балтичките држави, преку заедничка соработка превземале низа мерки за да се спротивстават на руското влијание и да ја обезбедат нивната независна надворешна политика и безбедност. Неколку клучни стратегии што тие ги применале:

-Главна алатка е регионална соработка: блиската регионална меѓусебна соработка како и соработката со соседните земји ја зајакнува нивната колективна безбедност. Тие учествуваат во регионални организации како што е Балтичкото собрание и рамката на Нордиско-балтичката осумка (NB8), поттикнувајќи соработка за различни прашања, вклучувајќи одбрана, економија и енергија.

-Интензивно насочување кон остварување на надворешно политичките приоритети-евроатлантски интеграции. Членство во НАТО како средство за зајакнување на нивната безбедност и заложби за колективна одбрана на НАТО, која би им обезбедила одвраќање против потенцијалната руска агресија. Иако до украинската криза во 2014 година, единственото присуство на НАТО на теренот на Балтикот била воздушната полициска мисија, која била ротирачка меѓу различни земји-членки на НАТО. На самитот во Варшава во 2016 година, за прв пат земјите-членки на НАТО се согласиле да распоредат борбени групи во балтичките земји и Полска, што било момент на триумф за многумина

[29] Дел од текстот е објавен во рамки на проектот «Безбедносни проблеми во регионот на Балтичкото море», реализиран со поддршка на Амбасадата на Данска во Москва.Автор Кадри Лиик https://carnegie.ru/commentary/83611

во балтичките земји.[30] Долги години, овие граѓани чувствувале дека западните сојузници не ги сфаќаат и нивните и полските предупредувања за руските империјални амбиции како алармантни, и според нив Русија преку своите акции во Украина докажала дека се во право.

Сепак, ова носи и негативни промени, вклучително и континуирано руско воено засилување на нејзината западна граница. Руските балистички ракети со краток дострел „Искандер“ се распоредени на 45 километри од Литванија и 120 километри од Естонија, како и 30.000 копнени и воздушни трупи стационирани блиску до границите на балтичките држави.[31]

-Членство во Европската Унија за зајакнување на нивните врски со другите европски земји и обезбедување економска и политичка поддршка.

-Билатерални и мултилатерални односи: Балтичките држави активно негувале односи со други земји, особено со нивните западни сојузници, за да ја зајакнат нивната безбедност и да се спротивстават на руското влијание. Тие развиле партнерства со САД, скандинавските земји и државите од Централна и Источна Европа за да ги зајакнат нивните дипломатски и безбедносни врски.

-Зголемени одбранбени способности: Балтичките земји инвестирале во регионално зајакнување на нивните одбранбени способности преку зголемување на трошоците за одбрана, модернизирање на нивните вооружени сили и учество во заеднички воени вежби и програми за обука со сојузниците на НАТО. Тие, исто така, биле домаќини на мултинационални борбени групи на НАТО на нивна територија како дополнително одвраќање.

-Енергетска диверзификација: Балтичките држави се обидуваат да ја намалат зависноста од руските енергетски резерви, особено природен гас, со диверзификација на нивните извори на енергија. Спроведуваат проекти како што се изградба на нова инфраструктура, терминали за течен природен гас (LNG), во обид да се поврзат со европските мрежи за гас и развој на обновливи извори на енергија.

---

[30] Ivars Ījabs, “Mūsu stāsts uzvarējis [Our story has won],” Satori, April 7, 2014, https://satori.lv/article/musu-stasts-uzvarejis.

[31] Estonian Foreign Intelligence, International Security and Estonia 2020.

-Балтичките држави, исто така, станале пример за остатокот од светот во справувањето со руските сајбер-напади и инфомациски војни: препознавајќи ја заканата од дезинформации и пропаганда, балтичките држави спроведуваат мерки за зајакнување на нивната отпорност против информацискатa војна. Тие формираат специјализирани единици и организации за да се спротивстават на руските кампањи за дезинформација, да ја подобрат медиумската писменост и да промовираат дигитална безбедност. Сајбер-безбедноста за овие земји е приоритет за заштита на нивната критична инфраструктура, владините институции и јавните услуги. Тие соработуваат со НАТО и други партнери за да ги подобрат своите способности за сајбер безбедност, да споделуваат разузнавачки информации за заканите и да развијат заеднички одговори на сајбер заканите. Во Талин се наоѓа седиштето на „НАТО Кооперативниот центар за извонредност за сајбер одбрана“, а во Рига, „НАТО Центарот за извонредност за стратешки комуникации“ чија главна цел е откривање и следење на руските обиди за дезинформација, додека „Балтичките елфи“ основани од Литванија ги следат и се борат против руската дезинформација и пропаганда.

-Меѓународна поддршка: Балтичките земји активно се ангажираат во меѓународната заедница, барајќи поддршка и солидарност во спротивставувањето на руското влијание. Тие ја истакнуваат својата загриженост на меѓународните форуми и настани, како што се Обединетите нации и Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), и работат со истомисленици за да се справат со заедничките безбедносни предизвици.

Овие стратегии според балтичките експерти биле корисни за балтичките држави да ја задржат својата независност, да ги зајакнат своите демократски институции и да се спротивстават на руското влијание. Јасно видливо во последните 20тина години е постепеното губење на голем дел од руската моќ што претходно ја уживала на Балтикот. Русија ги антагонизирала балтичките земји преку нејзините акции против Грузија и Украина, а нивната подлабока интеграција во ЕУ и НАТО, усогласени надворешно политички дејствија, чии главни иницијатори се токму Балтичките земји, како и промените во политичката култура на Балтикот постепено ја намалуваат и руската мека моќ. Во исто време, руско-балтичките односи зависат од севкупните руски односи со

Западот воопшто, а особено со Европа, кои во моментов се на најниско можно ниво и тоа јасно се пресликува и на Балтикот. [32]

Сепак, важно е да се забележи дека ситуацијата е динамична, а балтичките земји усогласено продолжуваат да се прилагодуваат и да ги развиваат своите стратегии за да се справат со новите безбедносни предизвици.

[32] Una Bergmane- Fading Russian Influence in the Baltic States

ГЛАВА ЧЕТВРТА: РЕГИОНАЛНА „БАЛТИЧКА“ СОРАБОТКА – БАЛТИЧКИ СОВЕТ

Балтичката соработка и единство датираат и ја достигнуваат својата кулминација на крајот на 1980-тите и почетокот на 1990-тите кога движењата за независност биле акутно свесни дека најважните цели можат да се постигнат само со блиска меѓусебна соработка. Секоја значајна одлука и акција биле меѓусебно усогласени. Зголеменото чувство за регионално единство, ограничените финансиски и човечки ресурси, меѓународните околности, надворешните закани и притисок, како и можноста за поефикасно решавање на конкретни проблеми и постигнување долгорочни социјални и економски цели, биле основните фактори кои ја одредуваат блиската соработка меѓу движењата за независност на трите земји.

Соработката на Естонија, Летонија и Литванија во доцните 1980-ти и раните 1990-ти се карактеризира, од една страна, со експлицитно чувство на емоционална припадност кон балтичкиот регион, како што е потврдено со „Балтичкиот пат„ од 23 август 1989 година, заедничките декларации и изјави од страна на официјални лица на балтичките земји за балтичката соработка и единство, а од друга страна, со прагматичен пристап во користењето на регионалната соработка поради ограничените финансиски и човечки ресурси на три мали земји, како и недостатокот на искуство во меѓународната политиката и во обликувањето на нивната надворешната политика.

4.1. ФОРМИРАЊЕ И ИНСТИТУЦИИ НА „БАЛТИЧКАТА СОРАБОТКА“

Институционалната соработка меѓу трите балтички држави се заснова на трилатералниот Договор за соработка, потпишан на 12 септември 1934 година во Женева. Декларацијата за единство и соработка, потпишана на 12 мај 1990 година во Талин, во полн обем ја обнови соработката меѓу Литванија, Латвија и Естонија. Уште во 1988 година заедно со почетокот на будењето во балтичките држави, Народниот фронт на Естонија - Рахваринне, Народниот фронт на Латвија - Таутас Фронте и реформското движење на Литванија, Сајудис, започнале трилатерална соработка за да влијаат на процесите во СССР, да ги претставуваат интересите на Балтикот, да решаваат заеднички проблеми и постигнуваат заеднички цели.

Согласно Договорот од Женева, Балтичкиот совет е основан во 1990 година. Балтичкиот совет на министри (БСМ) како институција за трилатерална меѓувладина соработка е основан за време на средбата на балтичките премиери на 13 јуни 1994 година. БСМ бил реформиран и приспособен на променетата средина, кога балтичките земји се приклучиле на ЕУ и НАТО. Структурата на БСМ ги зема предвид политичките интереси и дава можност за управување со трилатералната соработка. БСМ работи под водство на Советот на премиерите, а Советот за соработка, кој ги сочинуваат министрите за надворешни работи, ги координира активностите на Комитетите на високи функционери (КВФ) 33. Во согласност со Условите за работа, комисиите на високи функционери дејствуваат во пет области на соработка на експертско ниво. Доколку е потребно, Советот на премиерите може да формира Работни сили (Task forces). Советот на премиерите одредува конкретна задача што треба да ја изврши Работната група во одредена временска рамка. Секретаријатот ги уредува активностите на БСМ. Секретаријатот го сочинуваат службениците на министерствата за надворешни работи на Литванија, Латвија и Естонија, кои се одговорни за соработката на балтичките држави. Секретаријатот дејствува по иницијатива на претседавањето при подготовката за состаноците на Советот на премиерите и Советот за соработка. Претседавањето со БСМ се менува на една каледарска година, почнувајќии од 01 јануари секоја година. Земјата претседавач е ангажирана да ја насочува работата на сите нивоа на соработка.

4.1.1. БАЛТИЧКА ПАРЛАМЕНТАРНА И ВЛАДИНА СОРАБОТКА

Балтичкото собрание (БС) е меѓународна организација, основана на 8 ноември 1991 година, која има за цел да ја промовира соработката помеѓу парламентите на Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија. Статутот на БС стапил во сила на 31 октомври 1993 година.

Спогодбата за балтичка парламентарна и владина соработка помеѓу Република Литванија, Република Латвија и Република Естонија е потпишана на 13 јуни 1994 година во Талин. Протоколот за измени на договорот е потпишан на 28 ноември 2003 година во Вилнус.

---

[33] Committees of Senior Officials (CSO).

Заедничкиот состанок на Балтичкиот совет се свикува секоја година од Балтичкиот совет на министри и Балтичкото собрание. Тоа вклучува седница на Балтичкото собрание, состанок помеѓу Президиумот на Балтичкото собрание и Советот за соработка на Балтичкиот совет на министри, како и состанок на Советот за соработка на Балтичкиот совет на министри. Ова вклучува и Извештај на годинешниот претседавач со Советот за соработка за време на сесијата на Балтичкото собрание за соработка меѓу балтичките земји за текот на претходната година, за активностите поврзани со резолуциите усвоени од Балтичкото собрание во текот на годината, како и плановите за понатамошна соработка.

4.2. НАЈЗНАЧАЈНИ ЦЕЛИ И АГЕНДА НА БАЛТИЧКАТА СОРАБОТКА НАСОЧЕНИ КОН ДОБИВАЊЕ НЕЗАВИСНОСТ ОД СССР.

Балтичките движења за независност активно организирале редовни состаноци за да разговараат и да ја анализираат состојбата на внатрешната политика, да го усогласат воспоставувањето и одржувањето контакти со меѓународните организации и западноевропските земји и да формулираат заеднички балтички ставови за важни прашања. Следниве цели требало да се постигнат во блиска иднина:

1) Борба за правото на национално самоопределување и државен суверенитет;

2) Враќање и зајакнување на независноста на балтичките држави;

3) Постепена демилитаризација на балтичките територии;

4) Економска заштита на балтичките држави и формирање на заеднички балтички пазар;

5) Усогласена надворешна политика и надворешна трговија;

6) Формирање на заеднички балтички информациски систем.

Балтичките институции за соработка

Во периодот од 1988 до 1991 година беа започнати многу иницијативи и проекти, а нивната реализација е доверена на различни балтички институции за соработка. За време на Собранието на балтичките движења за независност одржано на 13-14 мај 1989 година во Талин, е формирана Балтичката парламентарна група, на која и бил доделен мандат да ја координира

заедничката позиција на балтичките држави на Конгресот на народни пратеници на СССР во Москва. Подоцна, во јули 1989 година во Парну, е формиран Балтичкиот совет. При тоа, усвоени се клучни одлуки за патот на балтичките држави кон независност, како што се Декларацијата за територијален интегритет на балтичките земји, Апелот до народите на СССР, Договорот за заеднички цели и соработка, Договорот за натамошна соработка меѓу Балтичките држави по обновувањето на независноста, Жалбата за службата во советската армија од страна на млади луѓе од балтичките држави и Резолуцијата за жртвите на сталинизмот. Балтичкиот совет упатил писма до водечките функционери на СССР во кои го наведува ставот на балтичките држави кон односите меѓу балтичките републики и СССР; Заеднички писма биле испратени и до Сенатот на САД, Комисијата за човекови права на Обединетите нации итн., во кои се објаснуваат напорите на балтичките земји да ја вратат својата независност и се бара од адресатите да им помогнат да ја постигнат оваа цел. Агендата на Балтичкиот совет вклучувала прашања за развојот на директните економски односи меѓу балтичките држави, балтичката соработка во усогласувањето на законодавството и концептот на надворешната политика на Балтичките држави. Балтичкиот совет го иницирал т.н. „Балтички пат“ кој се одржал на 23 август 1989 година, кога жителите на балтичките држави здружено и држејќи се за раце формирале човечки синџир од Талин до Вилнус, со кој јасно и ги покажаа на меѓународната заедница заедничките цели и заедничката идеологија на балтичките држави и нивната цврста решеност за обновување на националната независност и враќање во европското семејство на народи.

Слика 1.



The Baltic Way, 23 August 1989

Декларација за едногласност и соработка

Балтичката соработка се развивала со брзо темпо, а во неа биле вклучени парламентите и извршните органи. Во Талин на 12 мај 1990 година, Арнолд Рутел, претседател на Врховниот совет на Република Естонија, Анатолијс Горбуновс, претседател на Врховниот совет на Република Латвија и Витаутас Ландсбергис, претседател на Врховниот совет на Република Литванија, ја потпишале Декларацијата за едногласност и соработка меѓу Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, со што е потврдена целосната решеност за зајакнување на меѓусебната соработка и заеднички надворешно политички дејствија.[34]

Потпишувањето на оваа Декларација ја враќа идејата за Балтичката антанта и Договорот за добро разбирање и соработка меѓу Естонија, Латвија и Литванија потпишан на 12 септември 1934 година. Усвоената Декларација предвидува формирање на Советот на Балтичките држави за промовирање на обновувањето на државноста на Естонија, Латвија и Литванија и унапредување на меѓусебната соработка.

Состанокот во Вилнус на 1 декември 1990 година, кога пратениците на Врховниот совет на Естонија, Латвија и Литванија се собрале за прв пат е политички настан кој е од огромно значење за привлекување на вниманието на меѓународната заедница кон аспирациите на балтичките нации за стекнување независност. Со Апелот упатен до парламентите во светот, кој

[34] https://www.baltasam.org/uploads/Declaration.pdf

е усвоен на овој состанок, се бара од нив да го искористат своето влијание и напори за да го принудат СССР да ја прекине својата политика на закани и нејзиниот политички, економски и воен притисок во однос на балтичките држави; да се договорат за распоредот за повлекување на советските воени трупи од територииите на балтичките држави, истовремено гарантирајќи немешање на овие трупи во работите на балтичките држави; да се елиминираат пречките што ги спречуваат Латвија, Литванија и Естонија да одржуваат директен прекуграничен контакт со остатокот од светот. Движењата за независност на Балтичките држави ги здружиле силите за да постигнат обнова на независноста на Балтичките држави.

Соработката на Естонија, Латвија и Литванија во доцните 1980-ти и раните 1990-ти се карактеризира, од една страна, со експлицитно чувство на емоционална припадност кон балтичкиот регион, како што е потврдено со „Балтичкиот пат„ од 23 август 1989 година, заедничките декларации и изјави од страна на официјални лица на балтичките земји за балтичката соработка и единство, а од друга страна, со прагматичен пристап во користењето на регионалната соработка поради ограничените финансиски и човечки ресурси на Естонија, Латвија и Литванија, како и недостатокот на искуство во меѓународната политиката и во обликувањето на нивната надворешната политика.

4.3. МЕЃУНАРОДНО ВКЛУЧУВАЊЕ. ЗАЕДНИЧКИ НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКИ ЦЕЛИ.

После пучот во Москва во август 1991 година и признавањето на независноста на балтичките држави на меѓународно ниво, прашањето за развој на балтички модел за соработка е вклучено во агендата за балтичка соработка. Со усвојување на искуството и традициите на регионалната соработка од нордиските и земјите од Бенелукс, на 08 ноември 1991 година во Талин е создадено Балтичкото собрание.

4.3.1 ИНТЕГРАЦИЈА ВО МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА, 1992-1995 ГОДИНА. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНОСТА И ЗАЛАГАЊЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА БАЛТИКОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА СЦЕНА.

Во овој период, и домашните и надворешните фактори влијаат на регионалната соработка меѓу балтичките држави и на агендата на балтичките регионални организации. Различни главни правци на дејствување кристализирани во соработката на законодавните и извршните органи на балтичките држави:

1) Зајакнување на независноста и решавање на политички, социјални, еколошки и економски проблеми;

2) Промовирање и враќање на балтичките држави на меѓународната сцена;

3) Формирање на модел за соработка меѓу балтичките држави „Балтички модел за соработка“;

4) Подобрување на безбедноста и одбраната на балтичките држави.

По зацврстувањето на независноста, балтичките држави заеднички го започнуваат процесот на приклучување кон меѓународните организации. На 5 март 1992 година, балтичките држави, заедно со 8 земји од регионот на Балтичкото Море, го основаат Советот на државите од Балтичкото Море. Во 1992 година, балтичките држави стануваат членки на Светската банка, Европската банка за обнова и развој, Меѓународниот монетарен фонд; тие стануваат членки на Северноатлантскиот совет за соработка и добиваат поддршка во рамките на програмата ФАРЕ на ЕУ (EU PHARE programme). Во 1992 година, балтичките земји потпишуваат договори за трговска и економска соработка со Европската заедница. Во 1994 година, Естонија и Латвија потпишуваат договор за слободна трговија со Европската заедница, додека Литванија потпишала таков договор во јануари 1995 година. Естонија и Литванија беа примени како членки на Советот на Европа во мај 1993 година, додека Латвија стана членка две години подоцна. Балтичките земји се приклучуваат на програмата на НАТО „Партнерство за мир“ во 1994 година и стануваат придружни членки на Западноевропската унија. Во 1994 година, балтичките земји аплицираат за членство во НАТО.

Зајакнување на независноста и залагање за враќање на меѓународната сцена

Зајакнувањето на независноста на балтичките држави и залагањето за нивно враќање на меѓународната сцена биле најзначајни точки на агендата за соработка. Балтичките земји се договориле за координација на странската помош, создавање заеднички информациски систем, развивање заедничка стратегија во областа на снабдувањето со енергија, усогласување на нивното законодавство во различни области, дефинирање граници и процедури за преминување

на границите, подобрување на ефективноста на цариниte, како и соработка во образованието, науката и културата. Балтичкото собрание обезбедило рамка за споделување мислења и координација на позициите за трансформација на економските системи на Балтичките држави, воведување на национални валути, одржување избори итн. Други актуелни прашања биле глобалната слика на балтичките држави и потребата од пошироко распространување вистинити и релевантни информации за нивниот напредок и развој.

Договор за слободна трговија

И покрај жестоката економска конкуренција меѓу балтичките земји, како резултат на дебатите во парламентарните и извршните органи, на 13 септември 1993 година е потпишан Договорот за слободна трговија со цел да се создаде единствен балтички пазар. Покрај економските придобивки, овој Договор носи и други придобивки:

1) Заложба на потесна соработка меѓу балтичките држави;

2) Забрзана интеграција во меѓународната заедница;

3) Со потпишувањето на Договорот, Балтичките земји стануваат поатрактивен пазар за странските инвеститори.

Договор за соработка меѓу владите и парламентите на Естонија, Литванија и Латвија

Помеѓу 1992 и 1995 година, Балтичкото собрание обезбедува платформа за живи дискусии за балтичкиот модел на соработка. Балтичките парламентарци се убедени дека усвојувањето на моделот на нордиска соработка ќе го поттикне политичкиот и економскиот развој на сите три земји. По интензивни дебати, на 13 јуни 1994 година во Талин е потпишан Договорот за соработка меѓу владите и парламентите на Естонија, Литванија и Латвија. Договорот обезбедува правна рамка за регионалните организации, но и општо за регионална соработка меѓу балтичките земји. Договорот предвидувал формирање на институција за соработка на извршните органи на Естонија, Латвија и Литванија, имено, Балтичкиот совет на министри. Согласно Договорот, соработката меѓу Балтичкото собрание и Балтичкиот совет на министри требаше да се реализира во рамки на Балтичкиот совет.

Заеднички напори за повлекување на трупите на поранешниот СССР од Балтичките држави

Една од најважните точки на агендата на балтичката соработка во овој период било повлекувањето на советските трупи од балтичките држави и развојот на заедничка стратегија на балтичките држави во однос на трупите на поранешниот СССР распоредени на овие територии. Ова прашање било третирано на различни начини и формати. Прво, балтичките држави успеале да формулираат, координираат и изразат заеднички став по ова прашање. Второ, балтичките земји се обиделе да ја искористат дипломатијата на состаноци за директно да ги решат постоечките проблеми заедно со политичките и воените претставници на Руската Федерација. Трето, балтичките земји побарале поддршка од меѓународната заедница за решавање на ова прашање. Четврто, балтичките земји со заеднички напори успеале да го вклучат прашањето за повлекувањето на руските трупи во Договорот за парламентарна соработка меѓу балтичките држави и нордиските земји. Петто, регионалната соработка на балтичките земји резултирала со редовен и тековен национален и меѓународен дијалог за ова прашање. Шесто, присуството на руските трупи во балтичките држави ги мобилизирало нивните парламенти и извршни органи за решавање на различни секторски прашања, како што се рационализација на граничните процедури, развој на енергетска стратегија и развој на комуникациите и инфраструктурата во балтичкиот регион.

Интеграцијата во Европската Унија и НАТО постепено се појавиле на агендата на Балтичкото собрание, а потоа и на агендата на Балтичкиот совет на министри. На 31 октомври 1993 година, Балтичкото собрание го повикало НАТО да изготви критериуми за пристапување за балтичките земји. Официјалните дискусии за потребата од единствена позиција и политика на балтичките земји во однос на нивната интеграција во Европската унија започнале во 1994 година, кога Балтичкото собрание побарало од Европската унија да го забрза потпишувањето на европските договори со балтичките земји; Балтичкото собрание се согласило за меѓусебни консултации и усогласување на националните законодавни акти со барањата на Европската унија.[35]

Во однос на разбирањето на улогата на претседателствувањето со Европскиот Совет, постојат две дистинктивни стојалишта во однос на придобивките на Земјата Членка што претседава во шестмесечниот ротирачки формат со Европскиот Совет.[53] Првото размислување укажува дека земјата која претседава со Европскиот Совет има супранационална техничка улога, каде земјата која претседава има голема одговорност, а за возврат не добива некоја особена политичка моќ. Претседателствувањето само по себе не нуди можност за реализација на целите на Земјата претседател поединечно, туку е насочено кон реализација на Агендата на заедничката Европска политика. Според второто гледиште, претседателствувањето со Европскиот Совет подразбира повисок степен на меѓувладина соработка и со тоа, земјата што претседава со Европскиот Совет стекнува

[53] Tallberg, J. 'The agenda-shaping powers of the EU Council presidency'. Journal of European Public Policy 10(1) (2003)

поголема можност да ја предводи Европската Агенда и да ги промовира сопствените национални интереси од позиција на привилегиран статус[54]

5.3.1. ПРЕТСЕДАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА ЛИТВАНИЈА СО СОВЕТОТ НА ЕУ

Република Литванија за првпат во својата историја, воедно и прва меѓу Балтичките земји, претседавала со Советот на Европската Унија во периодот од 1 јули до 31 декември 2013 година. Литванското претседателство е исто така прво по големото проширување на ЕУ до 28 земји-членки. Литванија во тој период се сметала себеси за една од најуспешните земји што ја надминала економската и финансиската криза и се вратила на одржливо закрепнување и раст. Сепак малата администрација на земјата ќе мора да се справи со невообичаено тешка агенда, голем број активности и актуелни предизвици за ЕУ.

За време на литванското претседателство биле организирани околу 200 состаноци и други настани на кои присуствувале над 25 илјади гости. Министерството за социјално осигурување и труд, како главен носител било домаќин на 12 настани за време на литванското претседателство. Боите на логото на Литванското претседателство ги симболизираат блиските односи на Литванија со балтичките и скандинавските земји, додека синиот лак на знамето на ЕУ ги претставува универзално споделените вредности и активности. Венецот со боите на литванското национално знаме – жолта, зелена и црвена – го комплетира кругот на логото.

Приоритети на литванското претседателство

Во една од своите изјави тогашниот Министер за надворешни работи на Литванија, Линас Линкевичиус вели дека литванското претседателство со ЕУ е „свеж балтички ветер, иновативен и витален глас во семејството на ЕУ“. Претседателството се одвива за време на Европската година на граѓаните, а тоа го објаснува мотото на претседателството, изградено околу клучните зборови „кредибилна Европа“, „растечка Европа“ и „отворена Европа“. Литванија се стреми да постигне напредок кон поздрави јавни финансии, кон

[54] Fernàndez, A.M. 'The EU Council presidency dilemma: an historical institutionalist interpretation'. Les Cahiers européens de Sciences Po 1 (2008)

имплементација на Договорот за раст и работни места и кон зајакнување на ЕУ како глобален модел на отвореност и безбедност.[55]

КРЕДИБИЛНА ЕВРОПА

Литванското претседателство се стремело да постигне напредок кон поздрави јавни финансии во ЕУ и да ја зајакне основата за финансиска стабилност, која е потребна за целосно враќање на економскиот кредибилитет на ЕУ.

РАСТЕЧКА ЕВРОПА

Литванското претседателство се надоврзало на агендата за Европа 2020, засилено со мерки за посилна политика на единствениот пазар, како и со ефективно спроведување на Договорот за раст и работни места.

ОТВОРЕНА ЕВРОПА

Литванското претседателство преземало чекори за зајакнување на ЕУ како глобален модел на отвореност и безбедност.

Дополнително, од Литванија се очекувало да го поттикне спроведувањето на „Компактот за раст и работни места“, договорен во јуни 2012 година под притисок на францускиот претседател Франсоа Оланд. Други приоритети биле Банкарската унија и туркање на целта за целосно комплетирање на внатрешниот пазар на енергија до 2014 година.

Источно партнерство.

Литванија е еден од најсилните промотори и поддржувачи на политиките за Источното Партнерство. За време на претседавањето земјата придава особено значење на самитот на Источното партнерство што се одржувал во Вилнус на 28-29 ноември 2013г. Доколку биде успешен, самитот може да го означи потпишувањето на договорот за асоцијација со Украина, како и парафирањето на договорите за асоцијација со Ерменија, Молдавија и Грузија.

Буџетот на ЕУ

[55] https://www.euractiv.com/section/eu-priorities-2020/linksdossier/the-lithuanian-eu-presidency-a-fresh-baltic-breeze/

Несомнено, буџетот на ЕУ за 2014-2020 година било најтешката задача за Унијата и за литванското претседателство, кое било посветено да обезбеди неговата имплементација од 1 јануари 2014 година. Откако Европскиот парламент и Европскиот совет потпишаа компромисен договор за долгорочниот буџет на ЕУ за 2014-2020 година, наречен и Повеќегодишна финансиска рамка (МФФ), преговорите за распределба на средствата паѓа на литванското претседателство, кое исто така треба да управува со усвојувањето на околу 80 закони кои,според дипломатите, требало да бидат усвоени пред крајот на литванското претседателство, за да не дојде до правен вакуум за МФФ.

Енергетска безбедност

Енергетските прашања биле еден од врвните приоритети за време на литванското претседателство.

Литванија тогаш се сметала за земја на која може да се гледа како на „енергетски остров“, бидејќи сè уште била дел од советската мрежа. Земјата планирала да го синхронизира својот преносен систем со оној на системот ENTSO-E на Унијата до 2016 година.

Литванија барала комплетирање на внатрешниот енергетски пазар на ЕУ, како единствен начин да се обезбеди сигурно снабдување со енергија и конкурентност и да се обезбедат достапни цени за европските граѓани, како и зајакнување на надворешната димензија на енергетската политика на ЕУ.

На Самитот на Шефови на држави и влади под претседателство на Литванија, лидерите на ЕУ усвоиле насоки во четири области, вклучително и завршување на внатрешниот енергетски пазар, започнат пред повеќе од 10 години поради голем отпор од дел од земји-членки.

Во овој контекст, литванското претседателство добило задача да претстави извештај за еднакви пазарни услови за внатрешни и надворешни добавувачи на енергија, да работи на нуклеарната безбедност во соседството на ЕУ и, генерално, да размислува како подобро да се координира надворешната димензија на Енергетската политика на ЕУ.

Дигитални услуги и сајбер безбедност.

Клучни области на кои било посветено литванското претседателство се иновациите, дигиталните услуги и поттикнување на инвестициите во ИКТ секторот, како и дискусиите за паметни граници, а особено потребата од заштита од сајбер криминал и развој на сајбер безбедноста. Важна цел на Претседателството била да развие сигурни, доверливи и лесни онлајн трансакции, како важен елемент на единствениот европски дигитален пазар. Предложената регулатива за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар се сметала за приоритет за литванското претседателство.

Најголем настан во рамки на литванското претседавање со Советот на ЕУ била ИКТ конференцијата што се одржила во Вилнус на 6-8 ноември со 3.000 учесници. [56]

5.3.2. ПРЕТСЕДАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА ЛАТВИЈА СО СОВЕТОТ НА ЕУ.

Латвија го презела претседавањето со Советот на Европската Унија од Италија на 1 јануари 2015 година.

Во рамки на своето обраќање на тогашниот премиер на Република Латвија, Лаимдота Страујума на пленарната сесија на Европскиот парламент (јули 2015г.) претставувајќи ја напорната работа и прегледот на латвиското претседателство со Советот на ЕУ, го истакнува постигнатиот значителен напредок во поставените приоритети на латвиското претседателство - Конкурентна Европа, Дигитална Европа и Ангажирана Европа (Competitive Europe, Digital Europe and Engaged Europe)- истовремено обезбедувајќи непосреден и професионален одговор на предизвиците за внатрешната безбедност на ЕУ и за политиката за миграција и азил на ЕУ.[57]

Постигнат е добар напредок во многу области, значајни договори и конкретни резултати, меѓу кои ги истакнува:.

---

[56] https://www.euractiv.com/section/eu-priorities-2020/linksdossier/the-lithuanian-eu-presidency-a-fresh-baltic-breeze/

[57] The annual report of the Latvian Ministry of Foreign Affairs on the progress made and planned activities in the field of national foreign policy and European Union matters (Report in Latvian http://www.mfa.gov.lv/images/zinojums_DRAFT_Precizyts_07_01.pdf).

1. Европскиот фонд за стратешки инвестиции.

Постигнат договор за Европскиот фонд за стратешки инвестиции, кој ќе работи на промовирање и привлекување инвестиции во европската економија.

2. Европска енергетска унија

Поставени се темелите на Европската енергетска унија, чија цел е зајакнување на енергетската независност на ЕУ и промовирање на заедничка енергетска политика низ Европската унија, со фокус на обезбедување стабилни и разумни цени на енергијата, поширок опции на енергетскиот пазар и појасни информации за добавувачите.

Усвоени одлуки кои се важни за основањето на Европската енергетска унија, преку олеснување на транзицијата кон економија со ниска содржина на јаглерод и со тоа зголемување на енергетската независност на ЕУ.

3. Единствен дигитален пазар

Став дека треба да се оди рака под рака со развојот на дигиталната технологија за да обезбеди јавна адаптација кон дигиталната ера и насоки за користење на потенцијалот на европската дигитална економија.

Понатамошниот развој на единствениот дигитален пазар е од клучно значење за конкурентноста, растот и вработувањето на Европа.

Предлог за општите принципи за Директивата за безбедност на мрежи и информации, кој треба да е рамка која ќе обезбеди подобра заштита од сајбер-напади.

4. Миграција

За време на латвиското претседавање миграцијата претставува едно од најитните прашања на ЕУ.

Со имплементација на упатствата одобрени од Европскиот совет, постигнат напредок кон спречување на загуба на животи во Медитеранот, борба против мрежите на криумчарење луѓе, зајакнување на соработката со земјите на потекло и транзит, како и обезбедување помош за земјите-членки на ЕУ со кои се соочуваат најинтензивен миграциски притисок.

5. Источно партнерство

Суштински предизвик е обезбедувањето единство на Источното партнерство. За време на латвиското претседавање, регионот на Централна Азија повторно е вклучен во агендата на Европската Унија. Европската унија не треба да го потценува значењето на овој регион. А на самитот во Рига се потврдени стабилните односи на ЕУ со земјите од Источното партнерство.

6. Безбедност

Напори за преиспитување на разбирањето и на внатрешната и на надворешната безбедност на ЕУ. Летонското претседателство со Советот направи многу за зајакнување на внатрешната безбедност на ЕУ.

Од страна на министрите за внатрешни работи на ЕУ одобрена ажурирана Стратегија за внатрешна безбедност на Европската унија, насочена кон борбата против тероризмот и радикализацијата, организираниот криминал и сајбер криминалот како приоритети за следните пет години, а го привлекува вниманието на новите безбедносни предизвици со кои се соочува Европа, вклучително и хибридните закани.

Главните предизвици на претседавањето биле поврзани со безбедносната ситуација во Европската унија, нејзиното соседство и светот воопшто, ситуацијата во Украина, реакцијата на Европската Унија на анексијата на Крим, прашања кои се дискутирале на сите состаноци на шефовите на држави и влади, како значајни предизвици за меѓународната безбедност и сè уште присутни и во други региони како што се Блискиот Исток и Северна Африка. [58]

Латвија се погрижи Советот на ЕУ да придонесе за економското закрепнување и политиката за раст на ЕУ со фокусирање на олеснување на конкурентноста на ЕУ, употребата на дигиталниот потенцијал во економскиот раст и зајакнувањето на енергетската независност на ЕУ, при што политиката на латвиското претседателство промовирала безбедност, економска и социјална стабилност во соседните земји на ЕУ и пошироко во светот.

[58] https://eu2015.lv/images/news/EU2015LV_results_en.pdf

Така, латвиското претседателство придонесе за главната цел на триото на претседателството[59]: „целосно да се надмине економската и финансиската криза и да се поттикне растот во ЕУ, да се зајакне капацитетот на ЕУ да испорача повеќе работни места и да ги искористи дигиталните можности, да ги заштити основните права и целосно да ја одигра својата улога во светот кој брзо се менува.

Латвиското претседателство работело намерено и ефективно за да изгради конкурентна, дигитална, ангажирана и безбедна Европа.[60]

5.3.3. ПРЕТСЕДАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА ЕСТОНИЈА СО СОВЕТОТ НА ЕУ

Пристапниот договор меѓу Естонија и ЕУ беше потпишан на 16 април 2003 година, по што следел референдум за пристапување во ЕУ одржан во септември 2003 година, на кој 66,92% од гласачите го поддржале пристапувањето во ЕУ. Повеќето големи политички партии во Естонија го поддржале процесот на европска интеграција. Само влијателната Централна партија, предводена од Едгар Сависар и многу популарна меѓу руското малцинство, не зазела цврст став во овие прашања. На 1 мај 2004 година, Естонија официјално се приклучи на ЕУ и договорот беше потпишан од претседателот Арнолд Рутел и министерката за надворешни работи Кристиина Ојуланд

Естонија претседаваше со Советот на ЕУ од јуни до декември 2017 година. За време на претседавањето, Естонија била одговорна за дефинирање на позициите на Советот, земајќи ги предвид интересите на сите земји-членки, а во исто време останувајќи неутрална. Естонското претседателство станало вистински предизвик за земјата по референдумот за Брегзит и процесот за излез на Обединетото Кралство од ЕУ. Се предвидуваше дека, како претседавач, Естонија ќе мора да се справи со прашања како Северен тек 2, преговори за Брегзит, миграциската криза и изнаоѓање решенија за барателите на азил кои доаѓаат во Европа. Во јуни 2017 година, заменик-министерот за прашања на ЕУ, Мати Маасикас, на Конференцијата на претседатели на комисиите ги наведува главните приоритети на естонското претседателство, и тоа: „отворена и

[59] From 1 July 2014 to 31 December 2015 the Presidency trio is made up of Italy, Latvia and Luxembourg
[60] https://eu2015.lv/news/media-releases/2562-address-of-prime-minister-laimdota-straujuma-to-the-ep-on-the-progress-made-by-the-latvian-presidency

иновативна европска економија, безбедна и сигурна Европа, дигитална Европа и слободно движење на податоци, како и инклузивна и одржлива Европа“[61]. Овие точки биле следени, а официјалната почетна страница за претседателството детално ги анализира овие точки и она што е направено[62]. Естонското претседателство може да се карактеризира со акцент на дигиталните прашања, вклучувајќи го и забележителниот напредок на Стратегијата за единствениот дигитален пазар, како и за напорите да се дебатира за посериозни прашања за дигитализација за време на дигиталниот самит во Талин, на кој на 29 септември 2017 година се собрале 27 шефови на држави или влади на ЕУ како и претседателите на Европскиот совет, Европската комисија и Европскиот парламент. Со отворена и иновативна европска економија, што значи развој на деловно опкружување кое поддржува раст и конкурентност базирана на знаење, Естонија се обидува да се фокусира на заштита и промовирање на четирите слободи на ЕУ - слободно движење на стоки, лица, услуги и капитал - со што ќе се осигура дека обезбедувањето услуги и започнувањето бизнис во ЕУ е што е можно полесно, а со цел унапредување на трговските контакти, создавање нови можности за финансирање за компаниите и обезбедување стабилен банкарски сектор, како и воспоставување стабилен и добро функционален пазар на електрична енергија, зајакнување на потрошувачите и обезбедување фер конкуренција преку спречување даночно затајување. За време на претседавањето под водство на Естонија, било договорено создавање на Канцеларијата на европското јавно обвинителство. Главната идеја била да се зајакне ефикасноста на гонењето и судењето на прекршоците и измамите со данокот на додадена вредност против финансиските интереси на Унијата.

Политико објавил напис во кој го анализира и оценува претседавањето на Р.Естонија со Советот на ЕУ, каде што е разгледал секој оддел и е изнесено она што е постигнато.[63] Севкупно, областите кои се анализирани добиле во просек оценки за успешност од 7 до 9 оценки. Најниска оценка е дадена за одделот за здравство, каде POLITICO открива дека Естонија не постигнала ништо, особено не успевајќи да ја убеди Европската комисија да предложи нова стратегија на европско ниво за борба против штетното консумирање алкохол. Највисоки оценки се дадени во секторите енергетика, вработување и социјална

[61] Министерство за надворешни работи на Република Естонија, 2017 година
[62] Естонско претседателство со Советот на Европската унија, 2017 година
[63] POLITICO (2017) https://subscriber.politicopro.com/tipsheets/europe-brief/2017/06/estonias-council-priority-defense-integration-023173

политика, климатски промени и животна средина. Во секторот за енергетика, Естонија успеала да го добие договорот за единствениот став на Советот во разговорите со Парламентот за четирите законски предлози, кои имаат за цел ЕУ да направи чекор поблиску до позелена енергија. Она што ги изненадило авторите е фактот дека Естонија го добила проектот за гасоводот Северен тек 2.

Според странските дипломати треба да се признае дека Естонија успешно влегла во ЕУ и се докажала како способна членка на институцијата, што активно придонесе за сеопфатниот сет на иницијативи на ЕУ. Естонија била лидер во многу полиња промовирани од ЕУ преку кои гради слика за успешна приказна на источноевропските нации во нивната интеграција во западните структури. Забележително е дека Естонија е дигитално напредна земја со повеќекратни е-услуги што им се нудат на нејзините жители. Силна основа за успешна интеграција беше создадена во 1990-тите со развојот на структурите на слободниот пазар и демократизацијата на политичкиот живот. Сепак, брзиот развој често бил проследен со обратни бранови, што оставило трага во естонското општество. Комплицираниот однос со Руската Федерација ја прави Естонија една од најбезбедните нации во Европа, која како да живее со постојани безбедносни грижи, секогаш подготвена за ширење на културата на страв и може да стане специфична цел во напредуваниот статусен конфликт меѓу Русија и Западот. Како заклучок, Естонија поминала долг пат откако станала членка на ЕУ и позитивно се развивала, што се докажува со успешното претседавање со ЕУ во втората половина на 2017 година. Горенаведеното го потврдува и изјавата на Жан-Клод ЈУНКЕР, претседател на ЕК во врска со естонското претседавање: Тоа беше едно од најдобро подготвените и најпрофесионалните претседателства на ЕУ на кои можам да се сетам. Уште еднаш, Естонија го потврди моето долгогодишно верување: помалите земји навистина ги прават најдобрите претседателства. Тие се поприродни градители на мостови, поотворени се за инзаоѓање компромис и правење консензус.

Тогашниот естонски премиер, Јури РАТАС, за време на Пленарната сесија на СЕ: Ако сакаме да се осигураме дека секој Европеец е слободен да ужива во она што го нуди Европа, тогаш тоа е дигиталната ера. Европа мора да биде во чекор со технолошкиот напредок и да прави тој да функционира во корист за европските граѓани. Со добра причина естонското претседателство е наречено „дигитално претседателство“,

промовирајќи ја дигиталната димензија во сите области на политиката на ЕУ. Специфичен напредок во областа на економијата, врските и образованието, како и дигитализацијата ќе го подобри животот на милиони луѓе и исто така ќе помогне да се стабилизира регионот. Тој во неговото обраќање изразил надеж дека бугарското претседателство ќе продолжи со оваа работа, особено во регионот на Западен Балкан каде што се надевам дека можеме да дадеме нов поттик на нашата политика за проширување.[64]

Сублимирано, за време на своето претседавање, Естонија се фокусирала на неколку клучни приоритети, вклучувајќи дигитална Европа, иновативна и конкурентна економија, инклузивна и одржлива Европа и безбедна и сигурна Европа. Естонија се стремела да промовира единствен дигитален пазар, да ја подобри сајбер-безбедноста, да го унапреди развојот на услугите на е-владеење и да ја промовира употребата на дигитални технологии низ различни сектори.

Естонија придонесува за ЕУ, а придобивките што доаѓаат од ЕУ го прават животот на Естонците побезбеден и покрај зголемувањето на евроскептицизмот и екстремно десничарските партии кои се присутни во рамки на ЕУ,вклучително и Естонија.

5.4. ПОЛИТИЧКИОТ ИМПАКТ ОД ЧЛЕНСТВОТО НА БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ЕУ. УЛОГАТА НА БАЛТИКОТ ВО ОБЛИКУВАЊЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ.

Доколку се анализира политичкото влијание од членството на Балтичките држави во ЕУ, како и улогата на Балтикот во обликувањето на процесот на креирање надворешна политика на ЕУ важно е да се напомене дека пристапувањето во ЕУ за балтичките земји има и реципрочен ефект- односно не само што има влијание врз надворешната политика на Балтичките држави, но нивниот влез во Унијата има и обратно влијание во обликувањето на надворешната политика и безбедносната агенда на ЕУ и врз развојот на политиките на проширување на ЕУ.

[64] https://multimedia.europarl.europa.eu/en/video/review-of-estonian-presidency-debate_I149077

Што се однесува до балтичките земји, нивната еволутивна улога од независни национални држави да станат земји-членки е пропратена со процеси на адаптација во рамки на постоечката динамика на функционирање на ЕУ, додека пак Европската Унија, од своја страна, обезбедува платформа за Балтикот да ја дефинира својата улога во однос на институциите на ЕУ, особено во агендата на Заедничката надворешна и безбедносна политика. Институциите на ЕУ одговорни за формирањето на заедничката надворешна политика, исто така, биле силно погодени од членството на Балтичките земји, најмногу заради меѓусебните односи на Балтикот со Русија, заедно со нивните остри и гласни ставови против руските дејствија, на пример против интервенциите во Грузија и Украина, кои за ЕУ се сметале за аспект што го комплицира тековниот процес на ЕУ за постигнување консензус при водење на нејзината надворешна политика.[65]

При анализата на големото политичко влијание на членството на Балтичките држави во ЕУ, може да се искористи теоретската рамка на неолиберализмот за да се означи улогата на меѓународните институции како ефективни медиуми за соработката на националните држави во остварувањето на повисок економски развој, меѓународниот мир и стабилност. Пристапувањето во ЕУ за балтичките земји донело не само нови предизвици, туку и разновидни можности, бидејќи Балтикот се вклучил во фаза на посложена и повеќедимензионална агенда.[66] Притоа главниот сегмент ги опфаќа односите на Балтичките држави со Русија, што јасно влијаело врз процесот на креирање на надворешната политика на ЕУ. Исто така, Балтичките држави отсекогаш се сметале себеси за платформа која ги поврзува односите на Истокот и Западот и затоа, познато е дека Балтикот бил активно вклучен во иницијативите за источно партнерство и развојна помош.[67]

Во рамки на членството на Балтичките држави во ЕУ, Балтикот, исто така, придонесувал за одржување на институционалниот и наднационален модел на ЕУ во однос на постојниот проток на либерална економија како рецепт за централизиран

[65] Paulauskas, Kestutis, 2006. "The Baltics: from nation-states to member states", EU Institute for Security Studies, No. 62, May 2006.
[66] Paulauskas, Kestutis, 2006. "The Baltics: from nation-states to member states", EU Institute for Security Studies, No. 62, May 2006.
[67] Kerikmäe, Tanel, et al., 2018. "The Baltic States in the European Union", Oxford Research Encyclopedia of Politics, 1-27.

економски систем. Во однос на ЗНБП, Балтикот, исто така, ја увидел потребата да се зајакне безбедносната политика, како и да се создаде заедничка енергетска политика која подоцна ја забрза интеграцијата на Балтичките држави во ЕУ.[68] Според истакнати експерти од Балтикот, со подлабока интеграција во ЕУ Балтичките држави имаат за цел да ја зајакнат основната нивна позиција во ЕУ, па затоа е неизбежно да се каже дека на малите држави им е потребна наднационална моќ која дава заштита и безбедносни мерки од поголемите конкурентни држави, при што се гарантира исполнување на потребите и на малите држави. Од друга страна, во ЕУ, исто така, се чувствува значењето на членството на Балтичките земји, кое несомнено помогна за измени и формирање на нова надворешно-политичка агенда, која ги задоволува потребите како на старите земји-членки на ЕУ, така и на новите, вклучително Балтичките. Настрана од реципрочните политички и економски односи меѓу Балтичките земји и ЕУ, исто така е важно да се забележи дека во првите години по влезот во ЕУ инхерентниот конфликт на балтичките земји со Русија останувал континуирана погрешна перцепција. Иако ЕУ се обидувала да ги усогласи односите со Русија и балтичките земји заедно со бројните напори што Русија ги правела за намалување на тензиите, се покажало дека тоа е неефикасно. Последователно, значителното политичко влијание во членството на Балтичките држави во ЕУ може да се види и во однос на развојот на ЗНБП. На Балтичките држави им биле дадени неколку алтернативи, но исто така биле предизвикани да решат долгорочни безбедносни прашања. Последователно, членството на Балтичките држави во ЕУ, исто така, ги разјаснува вродените предрасуди кои го обележувале Балтикот како тврдоглав и скептичен за ЗНБП.[69] Се покажало дека пристапот во ЕУ за балтичките земји го отвора патот кон подобар повторен развој на балтичките земји, не само мерено според нивните повисоки економски придобивки, туку и како подобрување на изгледите за надворешната политика, појасна идна безбедносна агенда и постабилизирана меѓународна соработка.

Според професор Д-р Марк Галеоти, Балтичкиот регион одиграл значајна улога во обликувањето на процесот на креирање на надворешната политика на Европската унија. Според него, додека за надворешната политика на ЕУ на крајот одлучуваат сите земји-

[68] Kerikmäe, Tanel, et al., 2018. "The Baltic States in the European Union", Oxford Research Encyclopedia of Politics, 1-27.
[69] https://dgap.org/en/research/publications/russias-strategic-interests-and-actions-baltic-region

членки колективно, балтичките земји придонеле за развојот и спроведувањето на истата на неколку начини:

Историски контекст: Балтичките земји имаат уникатно историско искуство, откако стекнаа независност од Советскиот Сојуз во раните 1990-ти. Нивната транзиција од тоа да бидат под советско владеење во да станат независни демократии и земји-членки на ЕУ влијаеше на нивните перспективи за надворешната политика. Историскиот контекст на балтичките земји ги направи особено да ја поддржуваат интеграцијата во ЕУ и европската солидарност, што пак го обликуваше надворешнополитичкиот пристап на ЕУ.

Геополитичка позиција: Балтичките држави се стратешки лоцирани на источната граница на ЕУ, споделувајќи огромна граница со Русија. Оваа геополитичка позиција им дава посебна перспектива за безбедносните грижи и односите со Русија. Балтичките земји ја истакнаа важноста од обединет и кохезивен став на ЕУ кон Русија, нагласувајќи ја потребата од силна надворешна политика на ЕУ за справување со заедничките безбедносни предизвици.

Засилена регионална стабилност: Членството на балтичките земји во ЕУ придонесе за зголемена политичка стабилност во регионот. Со пристапувањето во ЕУ, овие земји се обврзаа на демократските вредности, владеењето на правото и почитувањето на човековите права. Ова помогна да се консолидираат нивните демократски системи и да се зајакне стабилноста, намалувајќи го ризикот од политичка нестабилност или конфликти во регионот.

Усогласување со принципите на ЕУ: Балтичките земји тесно се усогласија со принципите и вредностите на ЕУ, вклучувајќи ги демократијата, човековите права и владеењето на правото. Тие биле гласни поборници за промовирање на овие вредности во надворешните односи на ЕУ. Нивната посветеност на овие принципи влијаела на агендата на надворешната политика на ЕУ, особено во однос на соседните земји и региони каде што демократијата и човековите права се загрозени.

Зголемено влијание на ЕУ во балтичкиот регион: Членството на балтичките земји во ЕУ го прошири влијанието и присуството на ЕУ во балтичкиот регион. ЕУ обезбеди финансиска помош и поддршка за развој на инфраструктурата, економски реформи и

социјални програми во балтичките земји. Ова помогна да се намалат социо-економските разлики и да се промовира конвергенција во ЕУ.

Соработка НАТО-ЕУ: Членството на балтичките земји во ЕУ, исто така, ја зајакна соработката НАТО-ЕУ во регионот. Бидејќи сите балтички земји се исто така членки на НАТО, нивното членство во ЕУ ја олеснило координацијата меѓу двете организации за прашања од безбедноста и одбраната. Оваа соработка ја подобрила целокупната безбедносна архитектура во балтичкиот регион.

Засилена одбранбена соработка: Балтичките земји се гласни за нивните безбедносни грижи и потребата од зголемена одбранбена соработка во рамките на ЕУ. Последователните безбедносни предизвици во регионот ги навеле балтичките земји да ја нагласат важноста на силната Заедничка безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (CSDP). Нивните повици за засилена одбранбена соработка влијаеле на дискусиите за одбранбената интеграција во ЕУ и развојот на покохерентна надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

Регионална соработка: Балтичките земји остваруваат блиска регионална соработка и во рамките на ЕУ, особено преку Балтичкото собрание и Балтичкиот совет на министри. Овие платформи обезбедуваат можности за балтичките земји да ги координираат своите позиции и да промовираат заеднички интереси, вклучително и обликување на надворешната политика на ЕУ. Балтичките земји работат заедно за да се залагаат за прашања како што се енергетската безбедност, регионалната стабилност, иницијативата на Источното партнерство, и особено гласни се во делот на потребата од засилена одбранбена соработка, нагласувајќи ја важноста на силната Заедничка безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (CSDP). Нивните повици за засилена одбранбена соработка влијаеле на дискусиите за одбранбената интеграција во ЕУ и развојот на покохерентна надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

Генерално, балтичките земји одиграле важна улога во обликувањето на надворешната политика на ЕУ преку нивното историско искуство, геополитичка положба, усогласување со принципите на ЕУ, регионалната соработка и акцентот на прашањата за одбраната и безбедноста. Нивните перспективи и приоритети придонеле за пристапот на

ЕУ кон надворешните односи, особено во однос на Русија и заедничките вредности што ЕУ ги поддржува во нејзините надворешно-политички напори.[70]

При тоа, актуелен пример за ЗНБП на ЕУ и улогата на Балтичките земји во нејзиното креирање се реакциите и позициите кон војната во Украина. Лидерите на Балтичките земји се најгласните противници на руската агресија и најцврсто бараат што побрзо и поефикасно справување со Русија и секогаш инсистираат на што пожесток одговор од страна на европските партнери. Тие всушност се главни иницијатори за пакетите санкции, наметнуваат пожестоки предлози и политики, кои се усогласуваат и стануваат заеднички политики на Европската Унија. Секако лесно може да се најде причината за нивните вакви реакции, кои се последица на нивните постојани стравови од руска закана, низ минатото па до денес.[71] Затоа Балтичките лидери се толку гласни, и со усогласени ставови и дејствија се обидуваат да влијаат и на дејствијата на останатите земји членки на НАТО и на Европската Унија, постојано повикувајќи на поактивни реакции. Од страна на Балтичките земји се поднесени речиси сите пакети на санкции, сите Изјави со осуда, тие се основоположници на Судот за правда против злосторствата на Русија и сл. Ова е конкретен приказ за тоа како Балтичките земји, иако мали земји, но усогласени, и полноправни членки на ЕУ И НАТО со нивните специфични карактеристики влијаат на заедничката надворешна политика на ЕУ.

Тоа што е актуелно и денес, во време кога границите околу Русија се дестабилизирани, Балтикот се смета за ранлив регион, во кој конфликтот би се случил во секој домен - воздух, море, копно, вселена и сајбер, бидејќи Русија одржува постојана закана за балтичкиот регион преку целиот спектар на операции на сивата зона, вклучително и економска присила, дезинформации и пропаганда, сајбер напади и тајни

---

[70] Mark Galeotti, April 2019 "The Baltic States as Targets and Levers: The Role of the Region in Russian Strategy," Marshall Center Security Insight, https://www.marshallcenter.org/en/publications/security-insights/baltic-states-targets-and-levers-role-region-russian-strategy-0.

[71] Балтичкиот регион е соочен со Западниот воен округ на Русија (Western Military District). Во случај на воен конфликт, овој округ би бил одговорен за соочување директно со НАТО, а заради тоа традиционално е еден од најсилните. Во 2019 година, Русија продолжи да ги зајакнува своите сили во ЗВО, насочени против НАТО и Европа, а руски вооружени сили постојано имаат воени единици лоцирани во близина на балтичките земји. Со оглед на географската поставеност, Русија има јасна предност заради близината и времето потребно за реакција однос на балтичките земји, а со тоа и НАТО во регионот. Од една страна, тоа е заради изложената локација на балтичките држави, големината на нивните одбранбени сили и положбата на силите на НАТО во невоено време; од друга, држењето, големината и подготвеноста на руските сили во Западниот воен округ.

прикриени воени упади. Но заради нивните жестоки дејствија, реакции на секое можно ниво, користејќи го статусот во меѓународната заедница, со постојани обиди за подигнување на свеста и готовноста на останатите членки на ЕУ и НАТО, евентуална дестабилизација на Балтикот би била доживеана како национална, егзистенцијална решителност - со дополнителна тежина на тоа што Балтичките земји се полноправни членки на ЕУ и НАТО, што вклучува договори во рамки на заедничката надворешна и одбранбена политика на ЕУ, како и членот 5 на НАТО.

Ова се потврдува и со изјавата на Претседателот на Р.Латвија Егилс Левитс во интервју за латвиската национална телевизија, каде истакнува дека Балтичките држави и Полска го водат јавното мислење во Европа од почетокот на војната во Украина, што според него, може да се нарече нов феномен. Според него, балтичките земји ја презеле иницијативата во Европската унија од почетокот на случувањата во Украина. Тоа се земјите кои го поттикнуваат јавното мислење во Европа, што резултира со изнаоѓање решенија и компромиси, појаснувајќи дека „иницијативите доаѓаат од овие мали земји, тие наметнуваат прашања, ги проследуваат до Советот на ЕУ, каде се постигнува компромис во таа насока. Како добар пример го истакнал прашањето за визите – балтичките земји веднаш го прекинаа издавањето визи за руските туристи, потоа тоа прашање го проследија до Советот на ЕУ, каде што е постигнат компромис во оваа насока. Претседателот на Латвија, Е. Левитс изјавува дека е добро и од аспект на надворешната политика што Латвија активно учествува во креирањето на политиката на ЕУ „во вистинската насока и дека Латвија, како и останатите Балтички држави треба да се „оттргнат од советското наследство“ и ментално и економски“.[72]

Т.н. Балтичка јасновидност: голем број експерти истакнуваат дека е интересно како Балтикот на некој начин може подобро да го разбере рускиот начин на размислување и делување од нивните европски партнери. На Запад, па дури и во самите балтички земји, постои прилично популарна идеја дека овие држави се добри познавачи на Русија од едноставна причина што некогаш биле дел од СССР. Ова не е сосема точно. Познавањето

[72] Изјава на Претседателот на Р.Латвија, Егилс Левитс, септевмри 2022г. https://www.baltictimes.com/baltic_states_have_been_driving_public_opinion_in_europe_since_beginning_of_war_-_levits/

на советската реалност може да помогне да се разбере менталитетот на дел од модерната руска елита. Но, не повеќе.

Ако балтичките земји се способни да разберат некои моменти во руското размислување што Западот не може ни да ги забележи, тогаш ова разбирање не е поврзано само со заедничкото советско минато, туку и со нивното искуство на интеракција со постсоветска Русија. Од различни причини, Балтикот, уште пред останатите западни земји, се соочил со некои карактеристики на модерната руска политика и размислување, што ги претворило во нешто како систем за рано предупредување за Русија на Западот. Тие толку се навикнати на оваа улога што продолжуваат да ја исполнуваат и кога немало потреба за тоа, се до денешен момент кога ова е најистакнато заради актуелните случувања.

Таков пример е неславната тема за руското мешање, која беше покрената на Запад во 2016 година во врска со изборите во САД и руската операција за дезинформација во Германија, која стана позната како „случај Лиза“. Балтичките држави се соочиле со повеќе слични акции од ваков вид десет години претходно.

Во почетокот на 1990-тите, Балтичките земји морале да ги градат односите со Русија речиси од нула. Поранешните земји од Варшавскиот пакт имале долготрајни односи со Москва, кои едноставно требало да се прилагодат на новите реалности, но балтичките земји немаат претходни договори со Русија на кои би се навратиле. Во процесот на градење на овие односи се појавува фундаменталната разлика во пристапите, која во тоа време била невидлива во односите меѓу Русија и Западот, но Балтикот и тоа како ја чувствувал.

За да се решат бројните прашања што се појавиле по распадот на СССР, на двете страни им била потребна единствена концептуална рамка. Но, наскоро балтичките земји откриваат дека нивните пристапи не се вклопуваат во рускиот светоглед. Еден естонски дипломат ги опишува првите години од преговорите за демаркација на границата вака: „Русија ги гледаше преговорите како форма на легализација на одвојувањето на балтичките земји од неа, што треба да и даде, како „мајка земја“, право да наметне свои услови за оние кои се отцепуваат. Естонската страна го зазеде токму спротивниот став: ние бевме независна земја од 1918 година, и оттогаш вие правевте хаос овде, па сега ве молам расчистете го нередот што е можно побрзо!“

Заради ова, може да се каже дека пред 2011 година балтичките земји се покажале како по далекувидни. Случајно или не, тие докажале дека се во право во однос на оценката за Русија, а по 2014 година заслужено се гордеат со тоа. Но, и после тоа тие продолжуваат да ја водат вчерашната војна. Нивниот пристап кон Русија премногу често се покажува како описен и се сведува на тоа да покажат каде Русија греши. Но, тоа веќе не е потребно - сите на Запад веќе го знаат тоа, а односот кон Русија таму е недвосмислен. Сега има друго прашање - што да се прави со сето ова? И тука балтичките земји би можеле да учествуваат поактивно за изнаоѓање на овие одговори, подобро познавајќи си состојбите.

Такво барање има и во ЕУ. Еден поранешен претставник на ЕУ од една балтичка земја го опишал својот дијалог со колега од Јужна Европа на следниов начин: „Ме тргна настрана и рече: „Слушај, европската политика кон Русија сега е твое поле. Ти секогаш го сакаше тоа. Кажи ми каде ќе не води и како?" Но, немав подготвен одговор. Со други зборови, предизвикот за балтичките земји денес е да преминат од морализирање кон креирање политики што ќе им користат и на нив и на ЕУ во целина. Балтичките земји како полноправни членки на ЕУ и со заеднички приоритети имаат можност за искористување на тие позиции и наметнување на своите позиции кон остварување на нивните национални приоритети, заедно со политиките на ЕУ.[73]

Според Извештајот на естонската надворешно-политичка служба за разузнавање Русија има постојано чувство на тензичност и задржување од страна на Западот. Ова, и бескрајната загриженост за обезбедување и заштита на нејзините граници - околу 60.000 километри вкупно, од кои една третина се копнени граници - доведоа до речиси ненаситна потреба за апсолутна безбедност и верување дека опасностите и заканите мора да се држат што е можно подалеку од Руско тло. Во врска со нејзината перцепирана потреба за безбедност, Русија ги смета политиката и безбедноста како игри со нулта сума: руската безбедност доаѓа на сметка на безбедноста на другите, пред сè на соседните држави. Како последица на тоа, активностите на Москва во надворешната, безбедносната и одбранбената политика се дизајнирани да го вратат статусот на големата сила на Русија, а

[73] Текстот е објавен во рамки на проектот «Безбедносни проблеми во регионот на Балтичкото море», реализиран со поддршка на Амбасадата на Данска во Москва.Автор Кадри Лиик https://carnegie.ru/commentary/83611

во исто време повторно да го воспостават кордонот санитар што го уживала до крајот на Студената војна. Конкретно, враќање на контролата врз руското „блиско соседство“, поставувајќи барања за наводно историски оправдана „зона на привилегиран интерес“. Тоа би било на сметка на суверенитетот и безбедноста на соседните држави. Иако акциите на Русија можеби имаат одбранбено потекло, овие несигурности се манифестираат на агресивен и непредвидлив начин.[74] И заради наведените работи, Балтичките земји, како најизложена гранична линија меѓу РФ и ЕУ и НАТО Алијансата, постојано ги чувствуваат заканите и се трудат да се политички и безбедносно подготвени за сите можни сценарија, но во исто време работат за да ја разбудат свеста и на западните партнери за потребата од усогласени чекори и можни брзи жестоки реакции, за кои мора да бидат подготвени.

5.6. БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ПОЛИТИКАТА НА ЕУ ЗА „ЕВРОПСКА СОСЕДСКА ПОЛИТИКА„ (EUROPEAN NEIGHBOURHOOD POLICY) И ИСТОЧНО ПАРТНЕРСТВО (EaP).

Европската соседска политика (ENP) е рамка на надворешната политика, развиена од Европската унија, која има за цел да ги приближи ЕУ и нејзините источни и јужни соседи, за нивна заедничка корист и интерес. Политиката има за цел да создаде „прстен на пријатели“ околу ЕУ, поттикнувајќи соработка и справување со заедничките предизвици, преку воспоставување поблиски врски со соседите и промовирање стабилност, безбедност и просперитет во соседните земји. Балтичките држави се сметаат за дел од ENP поради нивната географска близина со ЕУ.

ENP беше лансирана во 2004 година за да се поттикне стабилноста, безбедноста и просперитетот во соседните региони на ЕУ, и на југ и на исток. Во 2015 година, високиот претставник и Европската комисија го усвоија Прегледот на ENP, кој донесе промена во рамката за соработка и предложи начини за градење поефективни партнерства во соседството.

[74] https://raport.valisluureamet.ee/2023/en/russian-armed-forces/russian-armed-forces-near-the-estonian-border/

ENP се надоврзува на посветеноста на ЕУ и нејзините соседи да работат заедно на клучните приоритетни области. Ова партнерство се заснова на споделени вредности, промовирање на демократијата, владеење на правото, почитување на човековите права и социјалната кохезија. Разгледаната ЕНП исто така додава 3 заеднички приоритети за соработка:

1. Економски развој за стабилизација;

2. Безбедност;

3. Миграција и мобилност.

Диференцијацијата е водечки принцип на односите на ЕУ со нејзиното соседство. Овој пристап ги препознава различните аспирации на земјите-партнери кон нивните односи со ЕУ. Затоа, ЕУ им нуди на своите соседи партнерства по мерка. Заедничките документи (т.е. партнерски приоритети, агенди за асоцијација или еквиваленти) се поставуваат заедно со секоја земја, фокусирајќи се на заедничките интереси. Ова овозможува чувство на сопственост и флексибилност во приспособувањето на поддршката за амбициите на секоја земја-партнер. Поголемото вклучување на земјите-членки на ЕУ и споделена одговорност се исто така меѓу клучните принципи на ENP.

Во основата на ENP е амбицијата да се продлабочи ангажманот со граѓанското општество и социјалните партнери.

ENP им нуди на земјите партнери поголем пристап до пазарот на ЕУ и регулаторната рамка, стандардите и внатрешните агенции и програми.Источното партнерство е специфична димензија на ENP која се фокусира на шест источноевропски партнери, вклучувајќи ги Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина. Иако балтичките земји не се дел од АА, тие покажаа силен интерес за поддршка и ангажирање со овие источноевропски партнери, споделувајќи ги нивните искуства со интеграцијата во ЕУ.

Зборувајќи за ЗНБП на ЕУ веројатно поновите земји-членки имаа најголемо влијание во однос на ЗНБП врз политиката на ЕУ насочена кон источните соседи. Големиот интерес на новите членки за стабилноста, економскиот и социјалниот развој на

источните соседи ја поттикнал ЕУ како целина да посвети поголемо внимание и да вложи повеќе енергија во оваа област. Новите членки донеле критична маса на знаење и експертиза за новите соседи на ЕУ. Балтичките земји се чувствувале одговорни за безбедноста на источните граници на ЕУ. Интересно, Литванија е единствената европска земја што се граничи со Русија и на запад (Калининград). Латвија и Литванија граничат и со Белорусија на исток. Заштитата на овие граници не е лесна задача со оглед на шверцот, трговијата со луѓе, трговијата со дрога и оружје, организираниот криминал, илегалната миграција и другите предизвици кои би можеле да ја погодат ЕУ уште посилно доколку развојниот јаз меѓу богатиот клуб на Западот и останатите уште повеќе се зголеми. Затоа, стабилноста, мирот и економскиот просперитет во источното соседство треба да бидат главен приоритет на надворешната и безбедносната политика на балтичките земји.

Клучни точки во врска со европската политика за соседство и нејзиниот однос со балтичките држави:

Заеднички вредности: Балтичките земји, како земји-членки на ЕУ, споделуваат заеднички вредности со ЕУ, вклучувајќи демократија, владеење на правото, човекови права и пазарно ориентирани економски политики. Тие играат улога во промовирањето на овие вредности кај нивните источноевропски соседи преку различни механизми за соработка во рамките на ENP.

Финансиска помош: ЕУ обезбедува финансиска помош за соседните земји преку различни програми, како што е Европскиот инструмент за соседство (ЕНИ). Балтичките земји ја поддржаа распределбата на фондовите на ЕУ за поддршка на реформите и развојните проекти во источноевропските партнери.

Безбедносна соработка: Безбедноста и одбраната се значајни аспекти на односите меѓу балтичките земји и ЕУ. Балтичките земји се членки на НАТО и имаат корист од Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (CSDP). ENP вклучува и дискусии за безбедност и решавање на конфликти во соседните региони.

Енергија и инфраструктура: Балтичките држави, заедно со нивните нордиски соседи, беа вклучени во регионални енергетски и инфраструктурни проекти насочени кон подобрување на поврзаноста и енергетската безбедност во поширокиот регион. Овие

проекти често имаат импликации за земјите од ЕНП, бидејќи придонесуваат за стабилноста и развојот на источноевропското соседство.

Контакти луѓе со луѓе: Балтичките држави ги охрабрија контактите меѓу луѓето и културните размени со нивните источноевропски соседи. Овие размени можат да поттикнат поголемо разбирање и соработка меѓу општествата и да придонесат за целите на ENP.

Литванија, заедно со Полска, тврди дека ги ставиле Белорусија, Украина и регионот Калининград на агендата на ЕУ многу пред тие самите да станат членки. Уште позабележително, трите балтички држави ја поддржуваат и промовираат демократска трансформација и одбранбени реформи во земјите од Јужен Кавказ, дури и пред ЕУ да ја прошири ENP[75] на Ерменија, Азербејџан и Грузија, во 2004година. Ваквите активности помагаат да се диверзифицира надворешната политика на балтичките земји: од национални држави во земји-членки, далеку од фокусирање само на Русија, а во исто време помагајќи им на нивниот главен интерес Русија да стане нормална демократија. Она што ги прави балтичките држави добро поставени за водење активна политика е пред сè искуството, експертизата и кредибилитетот стекнати во текот на нивниот сопствен период на трансформација. Естонија, Латвија и Литванија го делат истото минато како поранешните советски социјалистички републики со Украина, Белорусија, Молдавија и земјите од Јужен Кавказ. Сепак, досега само балтичките држави успеале да станат воспоставени демократии и членки на ЕУ и НАТО. Нивното искуство е особено драгоцено за нивните источни соседи во два погледи: прво, тие знаат како да ги оттргнат советските наследства и да ги трансформираат централно планираните економии во економии на слободен пазар; второ, тие знаат како да ги приспособат своите правни и политички системи и да ги исполнат другите барања на ЕУ и НАТО за да станат подобни за членство. Друг донекаде субјективен фактор е познавањето на рускиот јазик. Балтичките држави би можеле да играат улога на соговорници за секојдневни и меѓу луѓето контакти меѓу ЕУ и источните соседи. Предизвикот сега за Вилнус, Рига и Талин е да ги „продадат“ овие предности на остатокот од ЕУ, а ЕУ треба да најде начин да ги искористи силните страни на поединечните членки во корист на сите.

[75] Европска соседска политика - European Neighbourhood Policy (ENP)

Ако го разгледаме примерот со Украина, Балтичките држави поединечно па дури и заедно се премногу мали за да и помогнат во нејзината сложена агенда за соработка со ЕУ.

Со оглед на ограничувањата на дипломатската тежина, човечките и финансиските ресурси, тие неизбежно мора да ги координираат своите напори не само меѓу себе туку и со другите заинтересирани страни. Скандинавско-балтичката соработка дава една таква можност, која според естонските експерти, сè уште не е искористена на некој значаен начин. Соработката со другите нови членки на ЕУ во Централна Европа и особено Полска е уште една можност. Клучната улога на полскиот претседател Александар Квашњевски и литванскиот претседател Валдас Адамкус во решавањето на кризата за време на Портокаловата револуција во Украина дала особено убедлив пример за можните придобивки од таквата соработка. Присуството на високиот претставник на ЕУ Хавиер Солана во Киев со двајцата претседатели обезбедило влијание на ЕУ и го гарантирало успехот на целата работа. Иако активизмот на балтичките земји кон такви тешки случаи како што се Белорусија или Јужен Кавказ може да изгледа ризично, тие имаат силна основа за тоа. Некои политичари во балтичките земји имаат став дека нивните земји треба да се придржуваат кон менталитетот на „златното ќоше“, што би повлекувало политика на самоограничување и општа пасивност кон секое чувствително безбедносно прашање што би можело да ги вовлече нивните земји во непотребно мешање со другите нации, особено со Русија. Според нив, соодветните балтички влади треба да се фокусираат исклучиво на домашните проблеми. Сепак, се чини дека мејнстрим политичката мисла го фаворизира меѓународниот активизам, под претпоставка дека само активна надворешна политика, дури и ако е ризична, може да обезбеди безбедност за малите држави. Балтичките земји заедно со другите заинтересирани членки на ЕУ имаат неколку начини да продолжат со нивните напори кон источното соседство. На пример, Полска би се фокусирала на Украина, Литванија на Белорусија, додека Латвија и Естонија би се фокусирале на Јужен Кавказ, обезбедувајќи точка за контакт за останатите членки. Очигледно, овие поединечни напори треба да бидат само комплементарни со оние на релевантните институции на ЕУ. Во секој случај, балтичките држави мораат да бидат колку што е можно попрагматични со цел да се избегне претенко ширење на нивните ресурси. Литванските носители на одлуки

особено се соочуваат со таква опасност, бидејќи тие ја гледаат Литванија како регионален лидер кој спроведува многу амбициозна агенда за надворешни работи.[76]

Накратко, балтичките земји, како земји-членки на ЕУ, играат активна улога во промовирањето на целите на европската политика за соседство во нивното источноевропско соседство. Тие придонесуваат за стабилноста, демократијата и просперитетот во регионот и настојуваат да ја продлабочат соработката со своите соседи, истовремено поддржувајќи ги заедничките вредности и интереси.

[76] Kestutis Paulauskas, 2006, THE BALTICS: FROM NATION STATES TO MEMBER STATES стр.28

ГЛАВА ШЕСТА: ПРОВЕРКА НА ХИПОТЕТСКАТА РАМКА

Генералната хипотеза на истражувањето е точна бидејќи навистина успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од одличната меѓусебна регионална соработка, институционална поврзаност и заемна поддршка на секое ниво. Оваа хипотеза сугерира дека балтичките земји, имено Естонија, Латвија и Литванија, ја препознале важноста на соработката и формирањето силни регионални врски за постигнување на нивните цели. Хипотезата имплицира дека балтичките земји ја признаваат меѓусебната поврзаност на нивните аспирации за независност, членство во ЕУ и припадност кон НАТО. Тоа сугерира дека соработката и координацијата меѓу балтичките земји може да доведат до поголеми синергии, взаемна поддршка и споделени ресурси во остварувањето на овие цели. Со искористување на нивното регионално единство и координирање на нивните напори, балтичките земји можат да ги оптимизираат своите шанси за постигнување успешни резултати и унапредување на нивните интереси, особено на надворешно-политички план.

ПРВА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА е точна бидејќи во трудот се потврди дека успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од одличната меѓусебна регионална соработка. Генерално, оваа хипотеза ја истакнува меѓузависноста во заедничката борба на балтичките земји за независност, реализацијата на нивните надворешно-политички приоритети и неопходноста од силна меѓусебна регионална соработка и тесни врски. Тоа сугерира дека со поттикнување на соработка и воспоставување поблиски врски, балтичките земји можат да ги подобрат своите изгледи за успех во постигнувањето на нивните цели и обезбедувањето на нивниот посакуван статус во ЕУ и НАТО. Згора на тоа, регионалната соработка меѓу балтичките земји одиграла клучна улога во зајакнувањето на нивните економии и инфраструктура. Тие развиле

заеднички проекти во енергетиката, транспортот и телекомуникациите, кои не само што ги подобриле нивните сопствени способности, туку и го направиле регионот попривлечен за западните инвеститори.

ПРВА ПОЕДИНЕЧНА КОН ПРВА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА е потврдена како точна бидејќи формите на регионално поврзување на Балтичките земји, кои се наоѓаат во регион, кој историски честопати е под тешки околности и сложено опкружување, влијаат на развојниот пат на секоја земја одделно, особено на нивните позиции на меѓународната сцена, кои заеднички ги промовираат. Работејќи заедно, балтичките земји успеале да го засилат својот глас и да ја покажат својата заедничка посветеност на демократските вредности, безбедноста и евроатлантската интеграција. Тие се вклучиле во заеднички напори за застапување, лобирање на западните земји и активно учество во регионални иницијативи. Овој заеднички пристап им помогнал на балтичките земји да добијат признание и поддршка од Западот, што на крајот доведе до нивно пристапување во НАТО и во Европската унија.

ВТОРА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА е точна бидејќи навистина успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од институционалната поврзаност. Тоа претпоставува дека со тесна соработка и воспоставување цврсти институционални врски, балтичките земји можат да ја подобрат својата моќ за колективно преговарање, да го зголемат своето влијание на меѓународната сцена и ефикасно да се справат со заедничките предизвици.

Хипотезата, исто така, имплицира дека балтичките земји го разбираат значењето на нивната интеграција во поширoки европски и трансатлантски рамки, како што се ЕУ и НАТО. Се претпоставува дека со постигнување полноправно членство во овие организации, балтичките земји можат да имаат корист од зголемената безбедност, економските можности и дипломатското влијание. А регионалната соработка и институционалните врски се сметаат за клучни фактори кои придонеле за нивна успешна интеграција во овие рамки.

ПРВАТА ПОЕДИНЕЧНА КОН ВТОРАТА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА, за тоа дека трите премали балтички земји самостојно не би успеале да го привлечат вниманието на Западот и да достигнат надворешно-политички успеси, додека од заедничка позиција можат да влијаат на меѓународните дебати и да обликуваат па дури и наметнуваат политики што се усогласуваат со нивните национални приоритети, и поголемо влијание во поширокатa меѓународна заедница е точна и поткрепена со историски докази. Колаборативниот пристап на балтичките земји им помогнал да ги надминат своите ограничувања и да добијат признание, што на крајот доведе до нивна успешна интеграција во западните институции.

Следствено, успехот на балтичките земји во остварувањето на нивните надворешно-политички цели може да се припише, барем делумно, на нивните заеднички напори и силната регионална соработка. Преку претставување на обединет фронт, здружување ресурси и следење заеднички интереси, тие успеале да ги надминат своите индивидуални ограничувања и да го привлечат внимание од Западот.

Важно е да се напомене дека оваа хипотеза не сугерира дека балтичките земји би биле целосно изолирани или неуспешни во нивните надворешно-политички напори без регионална соработка. Сепак, таа ги нагласува значајните предности и потпора што земјите ја добиле преку соработката, што одиграло клучна улога во нивните достигнувања.

ТРЕТАТА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА е точна бидејќи низ трудот се потврдува дека успехот и напредокот на Балтичките земји, во заедничката борба за независност од СССР, и понатамошно остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика и активно учество во креирање на ЗНБП на ЕУ, зависи од заемната поддршка на секое ниво. Идејата за регионално здружување, поддршка и заеднички координирани акции сугерира дека со заедничка работа, балтичките земји можат да ги здружат своите ресурси, експертиза и политичко влијание за ефективно да се спротивстават на надворешните притисоци. Хипотезата ја нагласува важноста на единството и кохезијата меѓу балтичките земји. Со застанување заедно, тие можат да се спротивстават на надворешните влијанија и поефикасно да ги наметнуваат своите колективни интереси. Ова единство и взаемна поддршка, исто така, може да поттикне

посилни врски со другите европски земји и да го зајакне нивното меѓународно позиционирање.

ПРВАТА ПОЕДИНЕЧНА КОН ТРЕТАТА ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА е точна и докажува дека со специфичните гледишта, заедничката позиција и надворешно-политичка агенда Балтичките земји иако мали влијаат на процесот на обликување на надворешната и безбедносна политика на ЕУ.

Поставената хипотеза низ овој труд е потврдена со следново:

-Стратешка локација: Балтичките земји заземаат стратешка локација меѓу Русија и Западна Европа. Оваа географска положба им дава единствени сознанија за регионалната динамика и безбедносните ризици. Нивната близина до Русија, заедно со историските искуства од советското време, ги прави особено чувствителни на безбедносни закани, вклучувајќи хибридни војни, сајбер напади и кампањи за дезинформација. Нивните перспективи за овие прашања можат да придонесат за обликување на севкупната надворешна и безбедносна политика на ЕУ кон вакви и другите потенцијални закани.

-Усогласување со вредностите на ЕУ: Балтичките земји, откако се здобиле со независност од Советскиот Сојуз, спроведуваат надворешна политика заснована на заедничките вредности на ЕУ, вклучувајќи демократија, човекови права и владеење на правото. Тие се гласни поддржувачи на програмата Источно партнерство на ЕУ, чија цел е промовирање на стабилност и реформи во соседните земји како Украина, Белорусија и Молдавија. Нивната посветеност на овие вредности и нивните искуства со демократските транзиции можат да влијаат на надворешно-политичките приоритети и стратегии на ЕУ во источноевропскиот регион.

-Евроатлантска интеграција: Балтичките земји покажале силна посветеност на евроатлантската интеграција, особено преку нивното членство во НАТО и ЕУ. Тие активно придонесуваат за колективните одбранбени капацитети на НАТО, домаќини се на мултинационални борбени групи и учествуваат во заеднички воени вежби. Нивната блиска меѓусебна соработка, како и соработката со другите земји-членки на НАТО и ЕУ им овозможува да се залагаат за нивните безбедносни грижи во овие рамки, влијаејќи на пошироките дискусии за надворешната и безбедносната политика на ниво на ЕУ.

Експертиза за сајбер безбедност: Балтичките земји развиле напредни способности во сајбер безбедноста и се во првите редови во спротивставувањето на сајбер заканите. Нивната експертиза во оваа област е високо ценета во ЕУ. Бидејќи сајбер заканите се повеќе претставуваат предизвици за европската безбедност, балтичките земји можат да придонесат со своето знаење и увид во обликувањето на стратегијата, политиките и рамките за соработка на ЕУ за сајбер безбедност.

Единство и консензус: Балтичките земји често претставуваат обединет фронт за клучните прашања од надворешната политика, тесно соработувајќи за дискусии поврзани со регионалната безбедност и проширување на ЕУ. И покрај нивната мала големина, нивниот колективен глас носи тежина во рамките на ЕУ. Преку презентирање на единствен став и застапување за заеднички интереси, балтичките земји можат да го засилат своето влијание, па дури и да ја обликуваат агендата на надворешната и безбедносната политика на ЕУ.

ЗАКЛУЧОК:

На крај е даден заклучок на елаборираниот истражувачки предмет. Врз основа на погоре изнесеното можеме да констатираме дека силната регионалната поврзаност и соработка на премалите Балтички земји игра голема улога за остварување на нивните надворешно-политички приоритети и безбедносна политика, пред но и по добивањето на статус полноправни членки на Европската Унија. Од добивањето независност балтичките земји активно се залагале за интеграција во евроатлантските структури. Членството во ЕУ им обезбедило пристап до поголем пазар, можности за економски развој и платформа за обликување на политиките на ЕУ. Членството во НАТО го сметаат како клучно за нивната безбедност, бидејќи им нуди колективен одбранбен механизам и ги зајакнува нивните врски со другите земји-членки на НАТО.

Заедничката надворешна политика на балтичките земји, која се карактеризира со регионални врски и соработка, игра клучна улога во нивните позиции во меѓународната заедница. Таа го зајакнува нивното влијание, ја зголемува нивната сила и им овозможува поефикасно да се справат со заедничките предизвици.

Со усогласување на нивните надворешни политики, балтичките земји можат да претставуваат обединет фронт за клучните меѓународни прашања. Ова единство ја зајакнува нивната преговарачка моќ и им овозможува да се залагаат за нивните заеднички вредности, како што се демократијата, човековите права и владеењето на правото. Посветеноста на балтичките земји на овие принципи им донела почит и признание во меѓународната заедница, позиционирајќи ги како доверливи партнери кои може да придонесат за справување со глобалните предизвици.

Балтичките земји можеби мали по големина, но поседуваат уникатни перспективи, заедничка посветеност на вредностите на ЕУ, стратешко значење и експертиза во клучните области како што е сајбер безбедноста. Овие фактори им овозможуваат да

влијаат врз процесот на обликување на надворешната и безбедносната политика на ЕУ. Со активно вклучување во дискусиите за ЕУ, претставување обединет фронт и застапување за нивните интереси, балтичките земји можат да имаат значајно влијание врз пристапот на ЕУ кон регионалната безбедност, соседните земји и севкупните надворешно-политички приоритети.

Членството во НАТО и ЕУ и натаму ќе биде темел во надворешната политика и од клучно значење ќе биде САД (кои тие ги сметаат за гарант на нивната безбедност) да бидат вклучени во регионот. Интеграцијата во евроатлантските структури и активниот ангажман со другите меѓународни актери дополнително придонеле за нивната безбедност, економски развој и влијание на глобалната сцена. Надворешната политика на балтичките земји ја покажува нивната посветеност на регионалната стабилност, меѓународната соработка и промовирањето на демократските вредности, со што ги зацврстуваат своите позиции како активни и почитувани актери на глобалната сцена. Соочени со безбедносни предизвици, балтичките држави ќе продолжат да развиваат колку што е можно повеќе политички, економски и воени партнерства за да се погрижат нивната тешко стекната независност да стане правило, а не исклучок, во една историја полна со турбуленции.

ПРИЛОГ:

Интервју со Амбасадорот на Република Северна Македонија во Република Естонија, Н.Е. г-дин Драган Јордановски

- Почитуван амбасадоре, Ви благодарам што одвоивте од вашето време за да поразговараме за надворешната политика на балтичките земји и значењето на регионалните врски и соработка за нивните позиции во меѓународната заедница. Вие сме Амбасадор на Република Северна Македонија во Република Естонија и се наоѓате во Балтичкиот регион неколку години. За почеток, може ли да ни дадете краток осврт на надворешните политички пристапи на Естонија, Латвија и Литванија?

Амбасадорот: Најпрво благодарам за интересот да поразговараме за оваа важна актуелна тема, од која би можеле и ние и нашиот регион многу да научиме и да имаме корист.

Несомнено, надворешната политика на балтичките земји се карактеризира со силен фокус на регионалната соработка, евроатлантските интеграции и активното учество во меѓународните организации. Естонија, Латвија и Литванија споделуваат слични цели и интереси, што води до тесна соработка на различни нивоа и полиња. Нивните заеднички приоритети се одржување добри односи со соседните земји, промовирање на стабилноста и безбедноста во регионот и соработка со глобалните партнери.

Многу разумно, Балтичките земји водат конзистентен надворешно-политички пристап насочен кон зајакнување на нивните заеднички позиции во меѓународната заедница. Тие усогласени активно барале членство во меѓународните организации како што се Европската унија (ЕУ), НАТО и Обединетите нации (ОН). Со пристапувањето во овие организации, балтичките земји добиле отворена платформа за застапување за нивните интереси, давање нивни придонес во процесите на донесување одлуки и зајакнување на нивното глобално влијание.

Значи, Балтичките земји- Естонија, Латвија и Литванија, водат надворешна политика која им дава приоритет на нивните национални интереси, а истовремено се фокусира на регионалната соработка и интеграција во рамките на Европската унија и НАТО. Секоја земја има свои уникатни приоритети, но тие имаат заедничка цел за зајакнување на

нивната регионална безбедност, промовирање на демократските вредности и поттикнување на економскиот развој.

Естонија, на пример, става силен акцент на дигиталните иновации и сајбер безбедноста, ова ни е познато, бидејќи имаме активности и тесна соработка со естонските власти во оваа сфера, а Естонија е вклучена во процесите за дигитализација на македонското општество. При тоа, Естонија се позиционира како лидер во е-владеење и дигитални услуги, што навистина и помога во подигнување на нејзиниот меѓународен профил. Латвија се концентрира на зајакнување на своите регионални врски и активно учествува во иницијативите кои промовираат стабилност и соработка во регионот на Балтичкото Море. Литванија, од друга страна, се обидува да развие поблиски односи со своите источноевропски соседи, особено преку активен ангажман во иницијативата на Источното партнерство.

2. Колку е значајна регионалната соработка за надворешно-политичките цели на балтичките земји, и дали би можеле да издвоите забележителни примери на успешни иницијативи за регионална соработка меѓу балтичките земји?

Амбасадорот: Апсолутно. Балтичките земји имаат долга историја на успешни иницијативи за регионална соработка. Еден истакнат пример е Балтичкиот Совет, како главна институционална форма на соработка, со кој токму оваа 2023 година претседава Р.Естонија. Во негови рамки е Балтичкото собрание, кое обединува претставници од националните парламенти на Естонија, Латвија и Литванија и служи како платформа за политички дијалог, координација и заедничко одлучување за различни прашања од заеднички интерес, особено во делот на надворешната политика и безбедност.

Друга значајна иницијатива е проектот Rail Baltica, кој има за цел да ги поврзе балтичките држави со модерна, брза железничка мрежа. Овој инфраструктурен проект доби значителна поддршка од Европската унија и ќе ги подобри транспортните врски во регионот, зајакнувајќи ја економската интеграција и олеснувајќи ја трговијата.

Уште еден значаен пример за успешна регионална соработка е рамката за соработка во регионот на Балтичкото Море. Преку оваа платформа, балтичките земји, заедно со

соседните земји и засегнатите страни, решаваат прашања како што се заштита на животната средина, енергетска безбедност, транспортно поврзување и економски развој. Соработката во оваа рамка го зајакнува нивното колективно влијание и го олеснува дијалогот со другите регионални организации.

Понатаму, балтичките земји формираат заеднички воени единици и редовно спроведуваат заеднички воени вежби. Овие иницијативи не само што ги подобруваат нивните колективни одбранбени способности, туку и ја демонстрираат нивната посветеност на регионалната безбедност и принципот на колективна одбрана на НАТО.

Така што, регионалната соработка е од огромно значење за балтичките земји. Таа им овозможува да се справат со заедничките предизвици, подалеку и посилно да им се чуе гласот, кој на секоја мала земја одделно би бил многу тивок, тие правилно ги искористат нивните заеднички сили. Работејќи заедно, Естонија, Латвија и Литванија можат да здружат ресурси, да разменуваат експертизи и да спроведуваат заеднички иницијативи кои како такви имаат поголема сила и поголемо влијание на меѓународната сцена.

3. Како регионалните врски и соработка на балтичките земји придонесуваат за нивните позиции во меѓународната заедница?

Амбасадорот: Регионалните врски и соработка на балтичките земји значително придонесоа за нивните позиции во меѓународната заедница. Прво, со поттикнување блиска регионална соработка и сплотеност, балтичките земји воспоставија репутација на доверливи и конструктивни партнери. Ова го подобрува нивниот кредибилитет и ја зголемува веројатноста да бидат сфатени сериозно на глобалната сцена.

Второ, регионалните врски ја зајакнуваат позицијата на балтичките земји во Европската унија. Преку претставување на обединет фронт за клучните политички прашања, на блатичките земји им се овозможува платформа за ефективно застапување на нивните политики и колективно промовирање на нивните интереси. Зборувајќи во еден глас за клучните прашања, тие можат да влијаат на меѓународните дебати и да обликуваат па

дури и наметнуваат политики што се усогласуваат со нивните приоритети, односно ова им овозможува да вршат поголемо влијание во поширокатa меѓународна заедница.

Понатаму, регионалната соработка го подобрува капацитетот на балтичките земји да се справат со предизвиците што ги надминуваат националните граници, како што се безбедносните закани, еколошките прашања и економската интеграција. Демонстрирајќи ја нивната способност ефективно да работат заедно, тие го подобруваат својот статус и привлекуваат поголемо внимание од меѓународните партнери.

Како заклучок, заедничката надворешна политика на балтичките земји, која се карактеризира со регионални врски и соработка, игра клучна улога во нивните позиции во меѓународната заедница. Таа го зајакнува нивното влијание, ја зголемува нивната сила и им овозможува поефикасно да се справат со заедничките предизвици.

-Гледајќи напред, како ја гледате иднината на регионалните врски и соработка за балтичките земји?

Амбасадорот: Иднината на регионалните врски и соработка за балтичките земји изгледа ветувачка. Тие продолжуваат да ја зајакнуваат својата соработка во рамките на Европската унија и НАТО, фокусирајќи се на области како што се одбраната, енергетската безбедност и дигиталните иновации. Продолжуваат и напорите за продлабочување на економската интеграција, олеснувајќи ги трговските и инвестициските можности во регионот, а веројатно ќе се истражуваат нови патишта за соработка, како што се заеднички истражувачки и иновациски проекти, кои ќе можат да ги пренесуваат и на глобално ниво.

Талин, јули 2023 година

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ЗНБП Заедничка Надворешна и безбедносна политика

ЕУ Европска Унија

ЕК Европска Комисија

СЕ Совет на Европа

ЕЗ Европска заедница

ОБСЕ Организацијата за безбедност и соработка во Европа

СССР Сојуз на Советски Социјалистички Републики

РФ Руска Федерација

САД Соединети Американски држави

ООН Организација на обединетите нации

БСМ Балтички Совет на Министри

КВФ Комитети на високи функционери

НБ8 Нордиско-балтичката осумка

ЗНД Заедницата на независните држави

ММФ Меѓународен монетарен фонд

ИКТ Информациски и комуникациски технологии

CSDP Заедничка безбедносна и одбранбена политика на ЕУ

ENP Европската соседска политика

ЕаР Источно партнерство

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Armstrong H., Community Regional Policy, in Lodge, L, The European Community and theChallenge of the Future, Palgrave Macmillan, New York, 2000.
2. Bainbridge T., The Penguin Companion to European Union, Penguin Books, 2000.
3. Baker, D., The Blue Map of Europe: Conservative Backbench Altitudes to European Integration, Political Quarterly 66,1995.
4. Baun, M.J.„Договорот од Мастрихт како висока политика: Германија, Франција и европската интеграција “, 1995
5. Bellier I., Wilson T. M., An Anthropology of the European Union: Building, Imagining and Experiencing the New Europe, Berg, New York, 2000.
6. Best, E. „Договорот за Европската унија: Што всушност кажува и прави?“ во Laursen, F. And Vanhoonacker, S. The Ratification of the Maastricht Treaty, London: Martinus Nijhoff Publisher.1994
7. Best, E. ‘The United Kingdom and the ratification of Maastricht Treaty’ во Laursen, F. And Vanhoonacker, S. The Ratification of the Maastricht Treaty, London: Martinus Nijhoff Publisher, 1994.
8. Bjorn, Müller-Ville, For our eyes only? Shaping an intelligence community within the EU, Institute for Security Studies, January 2004.
9. Bronstone A., European Security into the Twenty-first Century: Beyond Traditional Theories of lntemational Relations, Ashgate, 2000.
10. Bulpitt J., McLean I., The Oxford Concise Dictionary of Politics, Oxford University Press, Oxford, 1996.
11. Buzan B., People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-cold War Era, Lynne Riener Publishers, Boulder, Colorado, 1991.
12. Cameron F., The Foreign and Security Policy of the European Union, Sheffield Academic Press, Sheffield, 1999.
13. Carlsnaes W., Sjursen H., and White B., Contemporary European Foreign Policy, SAGE Publishers, London, 2004.
14. Cram L, Dinan, D., Neill N., Developments in the European Union, Macmillan Press LTD, London, 1999.

15. Dannreuther, R. , European Union Foreign and Security Policy: Towards a Neighbourhood Strategy, Routledge, New York, 2004.
16. De Burga G., "The Constitutional challenge of new governance in the European Union", European Law Review, December 2003.
17. Deighton A., The European Securety and Defence Policy, Journal of Common Market Studies, 2002.
18. Delors, J. „Заедничка цел“ во Cecchini, P., Catinat, M. And Jacquemin, A. Европскиот предизвик 1992: придобивките од единствениот пазар, Aldershot: Wildwood House.1998
19. Đurđević L S., Deset godina Evropske bezbednosne i odbrambene politike i promene ustanovljene Lisabonskim sporazumom, Vojno delo, 2010.
20. Eekelen V.W., WEU's Role in the New European Security Environment, International Defense Review,1995.
21. Fleywood P., Jones E., Rhodes M., Developments in West European Politics 2 Palgrave, New York, 2002.
22. Fontaine P., A New Idea for Europe, Office for Official Publications of the European Communities, Luxembourg, 2000.
23. Frederic L. Kirgis, Jr, International Organizations in Their Legal Settings: documents, Comments and Questions, London, 1977.
24. Galloway D., The Treaty of Nice and Beyond, Realities and Illusions of Power in the EU, Sheffield Academic Press, 2001.
25. Gasmi G., Pravo i osnovi prava Evropske unije, Beograd, 2010. 21. Gompert D., and Larrabee F. S., (eds) America and Europe: A Partnership for a New Era, Cambridge University Press, New York, 1998.
26. Grant C., A European view of ESDP, European Security Forum, September, 2001.
27. Grgić M., Bilas V., Šimović FL, Financijska liberalizacija,monetama i fiskalna politika Europske unije, Ekonomski fakultet, Zagreb, 2006.
28. Grizold A., Evropska Vamost, Ljubljana, Fakulteta za druzbene vede, 1999.
29. Healey, N.M. Економија на новата Европа: од заедница до унија, Лондон: Routledge,1995

30. Howorth J., European Integration and Defence: The Ultimate Challenge? Institute for Security Studies, Paris, 2000.
31. Hoffman S., Towards a Common Foreign and Security policy, Journal of International Affairs, 2001
32. Howorth J., Security and defence policy in the European Union, Basingstoke: Palgrave Macmillan, 2007.
33. Hunter R. E., The European Security and Defense Policy: NATO's Companion - or Competitor Rand, Santa Monica, CA. Publication, 2002.
34. Laursen, F. „Не толку дозволивиот консензус: размислувања за договорот од Мастрихт и иднината на европската интеграција“ во Laursen, F. And Vanhoonacker, 1995
35. McCormick, J. Разбирање на Европската Унија, Њујорк: Палгрејв Мекмилан,2008
36. Vanhoonacker, S. „Од Мастрихт до Карлсруе: долгиот пат до ратификација“ во Laursen, F. And Vanhoonacker, S. The Ratification of the Maastricht Treaty, London: Martinus Nijhoff Publisher,1994
37. Weiler J.H.H., Haltern U., Mayer F., European Democracy and Its Critique - Five Uneasy Pieces, Harvard Jean Monet Working Paper Series, 1995.
38. Б. Ванковска, „Институции на Европската унија“, Филозофски факултет-Скопје, 2008
39. В.Вајденфелд, В.Веселс, Прирачник за европска интеграција(EUROPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, 2009
40. Клаус-Дитер Боршарт, „ АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург 2010
41. Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцеларија за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,
42. Крег П., Бурка Г., Право на ЕУ, текстови, случаи, материјали, четврто издание, Магор, Скопје, 2010.
43. С. Георгиевски, „Вовед во правото на Европската унија“, Скопје,2008
44. „Институции на Европската унија“, Филозофски факултет-Скопје, 2008
45. http://www.ambafrance-mk.org/Nadvoreshnata-politika;,к пристап јануари 2023 година

46. http://eu.missions.gov.mk/mkd/misiia/odnosite-makedoniia-eu/; пристап јануари 2023 година
47. http://www.mfa.gov.mk/?q=node/388; пристап јануари 2023 година
48. http://europa.eu/pol/cfsp/index b g. htm; пристап јануари 2023 година http://europa.eu/publications/official-documents/index bg.hr; пристап јануари 2023 година
49. http://www.europarl.eu.int; пристап јануари 2023 година
50. http://www.ue.eu.int; пристап јануари 2023 година
51. http://www.europa.eu.int/comm; пристап јануари 2023 година
52. http://www.curia.eu.int; пристап јануари 2023 година
53. http://www.eca.eu.int; пристап јануари 2023 година
54. http://www.ecb.int; пристап јануари 2023 година,
55. http://www.esc.eu.int; пристап јануари 2023 година
56. http://www.cor.eu.int; пристап јануари 2023 година